# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 28 јануари 1999 Скопје
Број 4 Год. LV

Аконтацијата за 1999 година изнесува 7.500 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**103.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 137 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ број 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 63/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРГОВИЈА**

1. За министер кој ќе раководи со Министерството за трговија се избира Никола Груевски, член на Владата на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-316/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**104.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 137 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ број 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 63/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

1. За министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина се избира Тони Поповски, член на Владата на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-317/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**105.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 137 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ број 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 63/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

1. За министер кој ќе раководи со Министерството за млади и спорт се избира проф. д-р Георги Боев, член на Владата на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-321/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**106.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 137 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ број 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 63/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

1. За министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа се избира м-р Џевдет Насуфи, член на Владата на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-320/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**107.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 137 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ број 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 63/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИСЕЛЕНИШТВО**

1. За министер кој ќе раководи со Министерството за иселеништво се избира м-р Мартин Трençевски, член на Владата на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-319/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**108.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија и член 137 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ број 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 63/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА МИНИСТЕР КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАЦИИ**

1. За министер кој ќе раководи со Министерството за информации се избира Реџеп Златку, член на Владата на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-318/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**109.**

Врз основа на член 142 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ број 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 63/94 и 63/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА МИНИСТРИ**

1. За заменици на министри во одделни министерства се именувани:

Татјана Перовиќ – Митрова, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за трговија,

Марјан Додовски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина,

Шабан Сејди, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за млади и спорт,

Петре Трајковски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа,

Соња Димитровска, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за иселеништво и

Драги Арсов, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за информации.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-322/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**110.**

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО**

1. За судија во Основниот суд во Кичево е избран Драган Миноски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-298/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**111.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија („Службен весник на Република Македонија“ број 6/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

1. Се разрешува од функцијата генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија Слободан Трајковски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-299/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**112.**

Врз основа на член 19 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија („Службен весник на Република Македонија“ број 6/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

1. Се разрешува Нијази Мухамеди од функцијата заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-300/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**113.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија („Службен весник на Република Македонија“ број 6/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

1. За генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија, се именува Љупчо Јаки-

моски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-301/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**114.**

Врз основа на член 19 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија („Службен весник на Република Македонија“ број 6/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

1. За заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија, се именува Имер Исмаили, новинар.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-302/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**115.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 36/95), а во врска со Одлуката за определување на бројот на судиите во основните судови („Службен весник на Република Македонија“ број 6/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 јануари 1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО ГЕВГЕЛИЈА И ГОСТИВАР**

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на:

1) еден судија во Основниот суд во Гевгелија и

2) еден судија во Основниот суд во Гостивар.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над пет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-303/1
21 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

**116.**

Врз основа на член 12 од Законот за концесија („Службен весник на РМ“ бр. 42/93), член 36 од Законот за ловството („Службен весник на РМ“ бр. 20/96, 26/96 и 34/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ - КОНЦЕСИЈА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. На десетгодишно користење - концесија се дава дивечот во ловиштата и тоа:

- „Баба“ на ЈП за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје;
- „Облаково“, „Древеник“, „Бач“, „Оптичари“, „Породин“, „Драгор“, „Црнобуки“ и „Трн“ на Здружението на ловците „Пелистер“ од Битола;
- „Ивени“, „Добровени“, „Врањевци“, „Лознани“, „Добрушево“ и „Мегленци“ на Здружението на ловците „Сокол“ од Битола;
- „Ниџе“ и „Старавина“ на Ловно-риболовното здружение „Кајмакчалан“ - с. Старавина.

2. Како почеток на користењето - концесијата на дивечот во ловиштата од точка 1 на оваа одлука ќе се смета денот на потпишување на договорот.

3. Во името на Владата на Република Македонија, договорот за користење на дивечот во ловиштата ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-166/1
20 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с. р.

**117.**

Врз основа на член 12 од Законот за концесија („Службен весник на РМ“ бр. 42/93), членовите 36 и 39 од Законот за ловството („Службен весник на РМ“ бр. 20/96, 26/96 и 34/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.1999 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ - КОНЦЕСИЈА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. На десетгодишно користење - концесија по пат на понуда се дава дивечот во ловиштата и тоа:

- „Честово“ на ЈП за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје;
- „Погана“ на Ловечкото друштво „Тигар“ од с. Стојаково и
- „Башибос“ на Ловечкото друштво „Орел“ од Валандово.

2. Како почеток на користењето - концесијата на дивечот во ловиштата од точка 1 на оваа одлука ќе се смета денот на потпишување на договорот.

3. Во името на Владата на Република Македонија, договорот за користење на дивечот во ловиштата ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-167/1
20 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р

**118.**

Врз основа на член 12 од Законот за концесија („Службен весник на РМ“ бр. 42/93), член 36 од Законот за ловството („Службен весник на РМ“ бр. 20/96, 26/96 и 34/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ – КОНЦЕСИЈА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за давање на користење – концесија на дивечот во ловиштата во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 39/98 бр. 1106) во точката 1 алинеите 2 и 4 се бришат.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-168/1
20 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

**119.**

Врз основа на член 9 од Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја („Службен весник на РМ“ бр. 2/94) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1994 ДО 1998 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на стопански недоволно развиените подрачја во Република Македонија во периодот од 1994 до 1998 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/94, 36/95, 62/95, 31/97, 56/97 и 56/98), во насловот и во членот 1 зборовите: „1998 година“ се заменуваат со зборовите: „31 март 1999 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1999 година.

Бр. 23-226/1
20 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

**120.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА „РАДАРСКА СТАНИЦА СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ“, ШТО ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ ВО БЛИЗИНА НА АЕРОДРОМОТ „СКОПЈЕ“, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Радарска станица со пропратни објекти“, што треба да се гради во близина на аеродромот „Скопје“, општина Петровец, КО „Ќојлиа“, место викано „Тумба“, на КП бр. 250/3, катастарска култура пат, земјиште сопственост на Република Македонија, корисник Министерството за одбрана, а инвеститор е Министерството за сообраќај и врски – Дирекција за цивилна воздушна пловидба од Скопје и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, која не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам и градежништво.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-110/1
20 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

**121.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА „СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА КОНФЕКЦИЈА СО ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ И ИНФРАСТРУКТУРА“, ШТО ЌЕ СЕ ГРАДИ ВО ОПШТИНАТА ТЕТОВО

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на „Стопански комплекс за конфекција со придружни содржини и инфраструктура“, што ќе се гради во општината Тетово, КО „Тетово“, место викано „Деребој“, на КП бр. 6764/2, катастарска култура нива 3 класа, со површина 2143 $м^2$, сопственост на инвеститорот Станојески Ѓорѓи и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог – ситуација во М 1:500, која не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам и градежништво.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-3161/1
20 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

**122.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.1999 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се

увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за урбанизам и градежништво и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9002 | | Леќи, призми, огледала и други оптички елементи, од кои и да е материјал, монтирани, што се делови или прибор на инструменти или на апарати, освен такви елементи од оптички необработено стакло: | |
| | 9002 90 | - Друго: | |
| | 9002 90 91 00 | --- За фотоапарати, проектори или за апарати за фотографско зголемување или намалување | |
| | | а) Објектив зум MD 3,5 мм-4,5 мм/35-70 мм. | 1 парче |
| | | б) Објектив зум MD 4,5-5,6/70 мм | 1 парче |
| 9006 | | Фотографски апарати (освен кинематографски камери); фотографски флеш-апарати и флеш-сијалици, освен сијалиците со празнење од тар. број 8539: | |
| | 9006 51 00 00 | -- Со барало низ објективот (рефлексен, со еден објектив SLR, за филм во ролна со ширина до 35 мм | |
| | | а) Тело за фотоапарат Минолта х 700 si | 1 парче |
| | 9006 61 00 00 | -- Флеш-апарати со сијалици на празнење („електронски“) | |
| | | Ауто-електроблиц 280 PH за X-700 | 1 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-234/1
20 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

**123.**

Врз основа на член 27, став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.1999 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Републичката геодетска управа и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 49 | -- Друго, испорачани како системи: | |
| | 8471 49 90 00 | --- Друго | |
| | | а) Персонален компјутер | 5 парчиња |
| 8473 | | Делови и прибор (освен прекривачи, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. број 8469 до 8472: | |
| | 8473 30 | - Делови и прибор на машини од тар. број 8471: | |
| | 8473 30 10 00 | -- Електронски | |
| | | а) Мрежна картица | 5 парчиња |
| 8524 | | Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37: | |
| | 8524 31 00 00 | -- За репродукција на појави, освен звук или слика | |
| | | а) Софтвер | 5 парчиња |
| 8528 | | Приемни апарати за телевизија со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика, видео-монитори и видео-проектори | |
| | 8528 21 | -- Во боја | |
| | 8528 21 00 10 | --- Нови | |
| | | а) Монитор во боја 19 г. | 5 парчиња |
| 8542 | | Електронски интеграциони кола и микро склопови: | |
| | 8542 14 | -- Кола добиени од биполарна технологија: | |
| | 8542 14 10 00 | --- Мемории (D-RAMs; S-RAMs; cache – RAMs; E2PROMs; FLASH E2PROMs, ROMs, CAMs; FIFIs; LIFOs, и др.) | |
| | | а) Мемориски модули | 4 парчиња |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-235/1
20 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

**124.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

1. Се разрешува м-р Атанас Аврамовски, од должноста потсекретар во Министерството за образование, сметано од 11.01.1999 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-131/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**125.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**

1. Се разрешува Фаница Христова, од должноста потсекретар во Министерството за образование.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-132/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**126.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**

1. Се разрешува Жељка Демниева, од должноста помошник на министерот за образование, сметано од 11.01.1999 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-133/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**127.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО ПЕДАГОШКИОТ ЗАВОД НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Трајан Марков, од должноста потсекретар во Педагошкиот завод на Македонија, сметано од 11.01.1999 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-134/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**128.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ПЕДАГОШКИОТ ЗАВОД НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Насе Кондовски, од должноста помошник на директорот на Педагошкиот завод на Македонија, сметано од 11.01.1999 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-135/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**129.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ПЕДАГОШКИОТ ЗАВОД НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Елена Михајловска, од должноста помошник на директорот на Педагошкиот завод на Македонија, сметано од 11.01.1999 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-136/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**130.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ПЕДАГОШКИОТ ЗАВОД НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Југослав Миновски, од должноста помошник на директорот на Педагошкиот завод на Македонија, сметано од 11.01.1999 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-137/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**131.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ПЕДАГОШКИОТ ЗАВОД НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Горица Мицковска, од должноста помошник на директорот на Педагошкиот завод на Македонија, сметано од 11.01.1999 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-138/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**132.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ПЕДАГОШКИОТ ЗАВОД НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува м-р Киро Поповски, од должноста советник на директорот на Педагошкиот завод на Македонија, сметано од 11.01.1999 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-139/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**133.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ПЕДАГОШКИОТ ЗАВОД НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Симеонка Гучева, од должноста советник на директорот на Педагошкиот завод на Македонија, сметано од 11.01.1999 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-140/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**134.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ПЕДАГОШКИОТ ЗАВОД НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се разрешува Владимир Мостров, од должноста советник на директорот на Педагошкиот завод на Македонија, сметано од 11.01.1999 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-141/2
12 јануари 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**135.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**

1. За потсекретар во Министерството за образование, сметано од 11.01.1999 година, се назначува Крум Коцарев, дипл. правник.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-143/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**136.**

Врз основа на член 154 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ**

1. За потсекретар во Министерството за образование, сметано од 11.01.1999 година, се назначува м-р Ванчо Ѓорѓиев, професор по историја.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-144/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**137.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СТОПАНСТВО**

1 Се разрешува Елена Капсарова–Данилоска, од должноста потсекретар во Министерството за стопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-181/1
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**138.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СТОПАНСТВО**

1. Се разрешува Никола Бошалевски, од должноста потсекретар во Министерството за стопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-182/1
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**139.**

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СТОПАНСТВО**

1. За потсекретар во Министерството за стопанство се назначува Симеон Бојчин, досегашен директор на Секторот за аналитика во „ОКТА" Рафинерија за нафта А.Д.–Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија",

Бр. 17-183/1
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**140.**

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА РЕПУБЛИЧКИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ**

1. Се разрешува Томислав Филиповски, од должноста директор на Дирекцијата за републички стоковни резерви.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-184/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**141.**

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА РЕПУБЛИЧКИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ**

1. За директор на Дирекцијата за републички стоковни резерви се назначува Ванчо Пеловски, дипл. електроинженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-185/2
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с. р.

**142.**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/95) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија" („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА**

1. Се разрешува Љупчо Сотироски, од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-186/1
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с. р.

**143.**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/95) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 јануари 1999 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНА ВОЗДУШНА ПЛОВИДБА**

1. За директор на Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба се именува Ѓорѓи Чачкиров, сообраќаен инженер-пилот, генерален секретар на Воздухопловниот сојуз на Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-187/1
12 јануари 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с. р.

**144.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 13 јануари 1999 година донесе

**ОДЛУКА**

1. СЕ УКИНУВА член 90 став 2 во делот „или помали" од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94 (исправка), 14/95, 53/97, 59/97 (исправка), 21/98.

2. СЕ ПОНИШТУВААТ членовите 125 став 2 и 138 став 1 во делот „освен за оцена на потребата и оправданоста од престанок на работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени" од законот означен во точката 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија, по повод иницијативите на Пљаков Тодор, адвокат од Велес, Денковски Лазо од Куманово; Синдикатот на металците, енергетичарите и рударите на Македонија, Синдикатот на градежништво, ИГМ и проектирање, Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија и Агро синдикатот; Сојуз на Синдикатите на Македонија и Стамен Филипов од Скопје, со Решение У. бр. 102/98, У.бр. 103/98, У. бр. 112/98, У. бр. 119/98 и У. бр. 155/98 од 11 ноември 1998 година поведе постапка за оценување уставноста на одредбите од Законот за работните односи означени во точките 1 и 2 на оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со Уставот.

5. Судот на седницата утврди дека според член 90 став 2 од Законот за работните односи со колективен договор на ниво на работодавец, на работниците може да се утврдат поголеми или помали права, од правата утврдени со грански колективен договор, но не помали од правата утврдени со закон.

Судот, исто така, утврди дека според член 125 став 2 од Законот во случај на престанок на работниот однос од став 1 на овој член, работодавецот има право сам да утврди на кои работници ќе им престане работниот однос при престанок на помалку од 20 работници или 20% од вкупниот број работници вработени кај работодавецот, а додека според оспорениот член 138 став 1 работникот кој не е задоволен со конечната одлука на надлежниот орган или ако тој орган не донесе одлука во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето, односно на приговорот, има право во наредниот рок од 15 дена да бара заштита на своите права пред надлежниот суд, освен за оцена на потребата и оправданоста од престанок на работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени.

6. Според член 32 став 5 од Уставот остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и колективни договори, а исто така и според член 2 од Законот за работните односи работниот однос се уредува со овој закон, со друг закон и со колективен договор.

Од изнесените уставни и законски одредби произлегува дека правата од работен однос, освен со закон, се уредуваат и со колективни договори.

Иако на прв поглед изгледа дека според член 32 став 5 од Уставот законот и колективните договори се рамноправни правни акти со иста правна сила во поглед на регулирањето на работните односи, сепак, ако се има предвид начелото на уставноста и законитоста утврдено во член 51 од Уставот, според кое во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законот, произлегува дека и согласно Уставот колективните договори се акти со помала правна сила од законот и дека тие секогаш треба да бидат во согласност со законот. Ваквиот нивен однос произлегува и од член 110 алинеја 2 од Уставот според која Уставниот суд, освен за другите прописи, е надлежен да одлучува за уставноста и законитоста и на колективните договори.

Исто така Уставот, освен што го воведува институтот на колективното договарање, како нов облик на регулирање на работните односи, не содржи изречни одредби за видовите на колективните договори, ниту за нивните меѓусебни односи, односно тој не ја утврдува хиерархијата меѓу колективните договори. Меѓутоа, тргнувајќи од тоа дека колективните договори, согласно Уставот, се општи правни акти, како и законот, со кои се уредува остварувањето на правата на вработените и нивната положба, произлегува дека и тие се составен дел на внатрешниот правен поредок, за кој пак важат правилата на коегзистентност и меѓусебна усогласеност на пониските и повисоките правни акти, па оттука применувајќи ги овие правила во однос на колективните договори произлегува дека пониският колективен договор треба да биде во согласност со повисокиот колективен договор.

За разлика од Уставот, Законот за работните односи, разработувајќи го уставниот концепт на колективното договарање, содржи конкретни одредби за односот на колективните договори и законот, за видовите на колективните договори, за времето на склучувањето и примената на колективните договори, за потписниците и сл.

Освен наведените прашања, во Законот е уреден и односот меѓу самите колективни договори. Така, во член 93 е утврдено дека ако органот на државната управа надлежен за работите на трудот при регистрирање на општите и гранските колективни договори оцени дека одделни одредби од колективниот договор не се во согласност со закон или општ колективен дого-

вор ќе им укаже за тоа на потписниците и ќе определи рок за усогласување. Ако потписниците на колективниот договор во определениот рок не ги отстранат неусогласените одредби функционерот на органот на државната управа ќе покрене постапка за оцена на законитоста пред надлежниот суд.

Од цитираната законска одредба произлегува дека општите и гранските колективни договори мора да бидат во согласност со законот, а гранскиот колективен договор, освен со законот, мора да биде во согласност и со општиот колективен договор, а во спротивност се доведува во прашање неговата законитост. Значи, Законот за работните односи неусогласеноста меѓу општиот и гранскиот колективен договор ја третира како проблем само на законитоста, а не и на уставноста.

Со оглед дека во оспорениот член 90 став 2 се допушта можност со колективен договор на ниво на работодавец да се утврдуваат и помали права од правата утврдени во гранскиот колективен договор, Судот оцени дека со ваквото решение не само што се дерогира гранскиот колективен договор, но истовремено се овозможува воспоставување на дисхармоничен односно неусогласен однос меѓу овие два вида на колективни договори, што не е во согласност со уставната интенција за колективното договарање, ниту пак со концепцијата на Законот за работните односи за колективните договори во целина, затоа што, според мислењето на Судот, ова решение не соодветствува ниту на определбата на законодавецот за односот на гранскиот колективен договор спрема општиот колективен договор изразена во членот 93 од Законот.

Поради наведеното Судот оцени дека член 90 став 2 од Законот, во делот со кој се предвидува можност со колективниот договор на ниво на работодавец да се утврдуваат и помали права од правата утврдени во гранскиот колективен договор не е во согласност со член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија. Исто така наведениот член, не е во согласност и со членовите 8 став 1 алинеја 11, 32 став 3 и 34 од Уставот, со оглед дека со оспорената одредба се доведува во прашање и остварувањето на загарантираната со Уставот и меѓународните договори соодветна заработувачка, како и другите права утврдени во Законот за работните односи, чие доуредување се упатува да се врши со општ или гранскн колективен договор.

7. Според член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба, а според ставот 2 на овој член граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Од одредбите на член 32 став 5 и член 9 од Уставот произлегува дека поблиското уредување на правата кои произлегуваат од работниот однос се уредуваат со закон и колективни договори, што значи во рамките на ова овластување на законодавецот и на субјектите на колективното договарање спаѓа и уредувањето на прашањето за престанок на работниот однос при чие уредување уставното начело на еднаквост ги обврзува условите за престанок на работниот однос да важат подеднакво за сите работници.

Начинот и постапката за престанок на работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални или слични промени се уредени со Законот за работните односи (членовите 125 до 130), Општиот колективен договор за стопанството (член 68-72) и Општиот колективен договор за работниците кои вршат нестопанска дејност (член 77-81). Така, во оспорениот став на член 125 од Законот е пропишано дека во случај на престанок на работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални или слични промени, работодавецот има право сам да утврди на кои работници ќе им престане работниот однос при престанок на помалку од 20 работници или 20% од вкупниот број вработени кај работодавецот, а додека во членот 129 е пропишано дека бројот и структурата на работниците на кои ќе им престане работниот однос со отказ поради истите причини се утврдува врз основа на критериуми утврдени со колективен договор, при што се поаѓа од потребите за ефикасно функционирање на работата на работодавецот, стручната подготовка и квалификацијата, работното искуство, успешноста на работењето, видот и значењето на работното место, работниот стаж, возраста и други критериуми утврдени со колективен договор.

Од наведените законски одредби произлегува дека работниците на кои ќе им престане работниот однос поради економски, технолошки, структурални или слични промени доколку нивниот број е помал од 20 или 20% од вкупниот број на вработени ги определува работодавецот сам, без оглед на критериумите што согласно член 129 од истиот закон се утврдени со колективен договор, а додека работниците на кои работниот однос ќе им престане по истиот основ доколку нивниот број изнесува повеќе од 20 или 20% од вкупниот број на вработени се определуваат врз основа на критериумите утврдени со колективен договор. Значи, во наведените членови од Законот во зависност од нивниот број се предвидува различен начин на определување на работниците на кои работниот однос треба да им престане по ист основ (поради економски, технолошки, структурални или слични промени) така што на тој начин тие се ставаат во различна и нееднаква положба пред законот, со оглед дека за едни работници се применува член 129 од Законот, а за други не, иако основот за престанок на нивниот работен однос е ист.

Имајќи предвид дека со оспорениот став на член 125 од Законот се воспоставува нов и поинаков режим за определување на работниците на кои работниот однос им престанува поради економски, технолошки, структурални и други промени од оној утврден во член 129 и по тој основ работниците се доведуваат во нееднаква односно нерамноправна положба, Судот оцени дека со него се повредува начелото на еднаквост утврдено во член 9 став 2 од Уставот.

Во однос на согласноста на оспорениот став на член 125 со член 58 од Уставот, Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласноста на оваа одредба со посочениот член од Уставот со оглед дека со неа во суштина не се уредува управувањето и одлучувањето во смисла на член 58 од Уставот, бидејќи овие прашања (органите и начинот на управување и раководење) се предмет на уредување на други закони (Закон за јавни претпријатија, Закон за трговските друштва, како и други посебни закони кои уредуваат односи од соодветни области), така што под работодавец во смисла на оспорениот став треба да се подразбира органот што согласно двата општи колективни договори или посебните закони е надлежен да одлучува за престанок на работниот однос.

8. Согласно член 15 од Уставот на Република Македонија се гарантира правото на жалба против поединечните акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања, а додека според член 50 став 1 од Уставот, секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Со оглед на тоа што оспорениот дел на членот 138 став 1 од Законот спаѓа во групата на одредби со кои се регулира судската заштита на правата, обврските и од-

говорностите на работниците кои произлегуваат од нивниот работен однос, а не се однесува на заштитата кај работодавецот или друг орган утврден со колективен договор согласно член 138 од Законот, со чии решенија инаку е утврдено правото на приговор односно на жалба, Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на тој дел од член 138 со член 15 од Уставот на Република Македонија затоа што не се уредува иста материја.

Меѓутоа, имајќи предвид дека член 138 е лоциран во одредбите што се однесуваат на општата заштита на правата на работниците што тие ја имаат во остварувањето на поединечните права од работниот однос, Судот оцени дека идејата на законодавецот е со оспорениот дел на член 138 став 1 да го исклучи правото на судска заштита на работникот во случај кога неговиот работен однос престанал поради економски, технолошки, структурални или слични промени, а не да го заштити правото на работодавецот да воведува вакви промени, со исклучување на можноста во вакви случаи судот да ја оценува потребата и оправданоста на економските, технолошките, структуралните или слични промени што работодавецот ги вовел поради промени во производството, програмата, реорганизацијата, структурата и технологијата, а кои довеле до намалување на бројот на работниците и до престанок на нивниот работен однос со отказ. Ова и од причини што предмет на оспорување во работниот спор што работникот има право да го покрене пред надлежниот суд може да биде само решението за престанок на работниот однос на работникот поради економски, технолошки, структурални и други слични промени, а не актот (во практиката тоа е програма или елаборат) врз основа на кој се воведени овие промени, со оглед дека тој не е поединечен акт со кој се одлучува за правата на работниците од работниот однос, но во него само се утврдува потребата и оправданоста од воведување на економски, технолошки, структурални или други слични промени, како и другите мерки и активности што согласно член 126 од Законот работодавецот е должен да ги преземе пред да ги воведе овие промени.

Поаѓајќи од ваквата суштина и цел на оспорениот дел на член 138 став 1 од Законот, Судот оцени дека со него се повредува член 50 став 1 од Уставот на Република Македонија, кој спаѓа во делот на гаранциите на основните слободи и права утврдени со Уставот, а согласно кој член судската заштита на правата од работен однос според одредбите на Законот за судовите спаѓа во надлежност на основните судови.

Поради наведените причини, како и поради тоа што правото на судска заштита не е укинато односно ограничено на работниците чиј работен однос престанува по другите основи утврдени во Законот за работните односи Судот оцени дека оспорениот дел од член 138 став 1 не е во согласност и со член 8 став 1 алинеите 3 и 11, како и член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија.

9. При определување на видот на одлуката Судот ги имаше предвид тежината на повредата, како и последиците што можеле да настанат од примената на оспорените законски одредби. При тоа, Судот оцени дека, за разлика од членот 90 став 2 од Законот за работните односи евентуалната примена на членот 125 став 2 и член 138 став 1, во оспорениот дел, можела да предизвика посериозни последици при остварувањето на правата и обврските на работниците од работен однос, со оглед дека врз основа на овие законски одредби на работникот може директно да му престане работниот однос со што тој ги губи и сите права што произлегуваат од тој однос и на тој начин да се доведе во прашање неговата егзистенција и егзистенцијата на неговото семејство, односно да се доведе во прашање неговата правна и економска сигурност.

10. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

11. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр. 102/98, У. бр.103/98
У. бр.112/98, У. бр.119/98
и У. бр.155/98
13 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

145.

Врз основа на член 26 и член 65 став 1 точка 30 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/96 и 37/98), а во врска со член 15 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/93 и 40/96), Советот на Народната банка на Република Македонија на 18.01.1999 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ[1] ВРЗ ОСНОВА НА ВЛОЖУВАЊА ВО И ОД СТРАНСТВО

1. Субјектите поврзани врз основа на вложувања на резидентите во странство и вложувања на нерезидентите во Република Македонија, се обврзани до Народна банка на Република Македонија да доставуваат извештаи за состојбата на побарувањата и обврските, како и за трансакциите настанати од нивното меѓусебно работење, со цел следење на остварувањето на платниот биланс на државата.

2. Податоци за состојбата на побарувањата од странство и обврските кон странство и трансакциите се обврзани да доставуваат сите резиденти кои имаат вложувања во странство, или вложувања од странство.

Под трансакција се подразбира секој деловен настан кој ја променува состојбата на побарувањата од странство и обврските кон странство.

За состојбата на побарувањата од и обврските кон нерезидентите и за трансакциите резидентите известуваат годишно, во валута во која истите се вреднувани.

3. **Резиденти** на Република Македонија за потребите на оваа одлука се:
- физички лица со постојано место на живеење во Република Македонија и странски физички лица кои имаат деловна виза над 1 година;
- правни лица и претприемачи со седиште во Република Македонија како и странски правни лица, кои на територијата на Република Македонија од своето работење остваруваат приход;
- дипломатски, конзуларни и други претставништва на Република Македонија во странство финансирани од буџетот, македонските државјани кои се таму вработени, како и членовите на нивните семејства;
- регистрирани претставништва на странски претпријатија и нивни деловни единици кои на територијата на Република Македонија обавуваат постојана дејност, за оној дел од активностите кои ги обавуваат во Република Македонија.

**Нерезиденти** на Република Македонија за потребите на оваа одлука се:
- домашни физички лица со иселеничка или работна виза над 1 година и странски физички лица со постојано

[1] За потребите на оваа одлука под поврзани субјекти се подразбираат субјекти кои меѓусебно се поврзани преку вложување на капитал заради остварување на заеднички интерес.

место на живеење надвор од територијата на Република Македонија;
- правни лица со седиште надвор од територијата на Република Македонија;
- претставништва и деловни единици на македонски претпријатија кои обавуваат дејност во странство, за оној дел од активностите кои ги обавуваат во странство;
- дипломатски, конзуларни и други претставништва на странски држави и меѓународни организации во Република Македонија финансирани или софинансирани од странски влади, странските државјани вработени кај нив, како и членовите на нивните семејства.

**4. Резидентите од точка 3 алинеја 2, извештаите од точка 1 на оваа одлука, до Народната банка на Република Македонија ќе ги доставуваат преку организационите и издвоените работни единици на Заводот за платен промет, каде што имаат жиро сметки.**

**Резидентите од точка 3 алинеја 1, 3 и 4, извештаите од точка 1 на оваа одлука ќе ги доставуваат директно до Народната банка на Република Македонија.**

5. На барање на Народната банка на Република Македонија резидентот е должен да ја докаже точноста на податоците со годишната пресметка.

6. Податоците кои се однесуваат на поединечните резиденти собрани врз основа на оваа одлука имаат строго доверлив карактер.

7. Рок за доставување на годишниот извештај за состојбата и прометот на поврзаните субјекти е 30.03. во годината, за претходната година, по исклучок, извештај за 1997 година треба да се достави најдоцна до 30.03.1999 година.

8. Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, врз основа на оваа одлука, донесува Упатство за начинот на известување за работењето на поврзаните субјекти врз основа на вложувања во странство и од странство. Составен дел на Упатството се и обрасците на кои резидентите известуваат, **а истите ќе бидат доставени за известувачите во Народната банка на Република Македонија и организационите и издвоените работни единици на Заводот за платен промет.**

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр.02-15/146-98
18 јануари 1999 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народната банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески**, с.р.

**146.**

Врз основа на точка 8 од Одлуката за задолжително известување за работењето на поврзаните субјекти врз основа на вложувања во и од странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/99), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесува

## УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПОВРЗАНИТЕ СУБЈЕКТИ ВРЗ ОСНОВА НА ВЛОЖУВАЊА ВО И ОД СТРАНСТВО

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишани содржината и формата на обрасците за непосредно известување на резидентите за состојбата на побарувањата, обврските и трансакциите од работењето со поврзаните субјекти со странство, како и начинот на нивно пополнување.
2. Резидентите известуваат, на образец ДИ-11 вложување во странство - за сопствените вложувања во странство и на образец ДИ-22 вложување од странство-за вложувањата на нерезиденти во земјата. Обрасците, кои се составен дел на ова упатство, треба да бидат пополнети најмалку во два примероци од кои еден за Народната банка на Република Македонија.
3. На барање на Народната банка на Република Македонија извештајниот обврзник е должен да ја докаже точноста на податоците со годишната пресметка.
4. Извештајот за состојбата и прометот на поврзаните субјекти со странство за извештајната година должни се да и го доставуваат на Народната банка на Република Македонија:
   - сите резиденти од Република Македонија, независно дали се работи за трговски друштва, претприемачи или физички лица, кои се сопственици на удел или акции во претпријатија во странство, или пак поседуваат недвижност во странство (извештај: образец ДИ 11 - вложување во странство);
   - сите трговски друштва од Република Македонија во кои нерезиденти (правни и физички лица) имаат удел или акции (извештај: образец ДИ 22 - вложување од странство);
5. Рок за доставување на годишниот извештај за состојбата и прометот на поврзаните субјекти е 30.03. во годината, за претходната година која што завршува со 31.12 (извештајна година). Исклучок е првата извештајна 1997 година за која податоците исто така треба да се доставаат најдоцна до 30.03.1999 година.
6. Во обрасците ДИ 11 и ДИ 22 се пополнуваат две колони. Обврзникот за известување (во натамошниот текст: - известувач) во првата колона пополнува податоци за претходната година, а во втората колона за тековната (извештајна година) и тоа со цели износи, без децимали.
   Во колоната „претходна година", известувачот ги впишува податоците кои во Извештајот за состојбата и прометот на поврзаните субјекти од претходната извештајна година, биле наведени во колоната „тековна година".
   Доколку податоците за вредноста на уделот (ред 1) не се еднакви со тие од извештајот за претходната година (на пр. заради дополнително утврдените грешки при известувањето), известувачот мора повторно да изработи извештај за претходната година и да ги впише податоците во двете колони.
   Доколку вкупната вредност на капиталот е еднаква со таа од извештајот од претходната година, а се променила структурата на капиталот врз основа на променетата вредност на одделните ставки на капиталот, извештајот за претходната година не треба повторно да се изработи, туку треба да се впише само променетата структура на ставките на капиталот во колоната „претходна година" во извештајот за тековната година и во полето „напомени" да се појасни промената и причината за тоа.
   Во колоната „тековна година" известувачот ги пополнува податоците врз основа на билансот на состојбата и билансот на успехот за последната деловна година која завршува со 31.12.
7. Друштвата кои што работат две или повеќе години ги пополнуваат и двете колони „претходна година" и „тековна година".
   Само колоната „тековна година", известувачот ја пополнува, ако влогот на нерезидентот во домашното друштво или влогот на резидентот во странското друштво е регистриран во извештајната година, ако друштвото е во основање и ако договорот за стекнување на недвижности или договорот за заедничко вложување е склучен и регистриран во извештајната година.

Доколку вредноста на вложувањето во извештајната година е еднаква на нула (на пр. доколку во извештајната година вложувањето е повлечено), известувачот мора да изготви извештај во кој ќе впише податоци само во колоната „претходна година" и да го појасни намалувањето на вредноста на вложувањето (на пр. стечај, продажба и сл.) во делот В „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот". Во случај на продажба на вложувањето, или уделот, известувачот ја впишува фирмата и седиштето на купувачот, а при продажба на домашно лице и матичниот број.

Разликата во вредноста на уделот во вкупниот капитал од тековната година во однос на претходната година (ред 1) известувачот мора да ја појасни во делот В „вид на зголемување/ намалување на вредноста на уделот" со примена на соодветните шифри на основи и опис од приложениот шифрарник за видот на трансакциите.

8. Доколку вредноста на некој податок е еднаква на нула, известувачот во потребното поле на образецот впишува нула (0). Доколку не располага со податок впишува цртица (-).

9. Полето„**напомени**" известувачот го користи за дополнителни појаснувања на пр. промени во одделните ставки на капиталот кои не влијаат на вкупната вредност на капиталот, туку се потребни за правилно разбирање на извештајот (на пр. прераспределба на резервите во основен капитал по одлука на управниот орган и сл ).

10. Во полето „**година на прво вложување на капитал**" известувачот ја впишува годината во која за прв пат настанало вложувањето, односно годината кога е склучен договорот за стекнат капитал влог/ удел.

Во полето „**број на вработени на крајот на извештајната година**" известувачот за образец ДИ - 11 вложување во странство го впишува вкупниот број на вработени во поврзаното друштво во странство, а за образец ДИ-22 вложување од странство вкупниот број на вработени во домашното друштво.

Во полето „**главна причина за вложувањето**" известувачот ја наведува примарната причина што по негово мислење била пресудна за вложувањето на капитал. Доколку истата не е специфицирана, го заокружува полето д) останато и ја наведува причината.

11. На образецот мора да биде наведено полното име и презиме на одговорното лице, како и името, презимето и телефонскиот број на составувачот на извештајот, кое воедно е и лице за контакт за дополнителни информации.

Доколку книговодството го води друго друштво кое истовремено и го составува овој извештај, кај одговорното лице известувачот го наведува својот директор или финансискиот директор, додека кај составувач на извештајот го наведува сметководственото претпријатие и името на лицето за контакт, а ги наведува и двата телефонски броја.

## II. ОБРАЗЕЦ ДИ-11 ВЛОЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

12. **За вложувањата во странство** на образец ДИ 11 известуваат сите резиденти кои имаат капитални вложувања или вложувања во недвижности и тоа:

- Трговските друштва, претприемачите и физичките лица кои купиле удел или акции од дотогашните сопственици во веќе постојните друштва во странство, или уплатиле средства за докапитализација и така стекнале удел или акции во веќе постојните друштва, а **при тоа не биле основачи на тоа друштво** - на образецот го заокружуваат видот на вложување ДИ 11/1 - **вложување во постојно друштво**;

- Трговските друштва, претприемачите и физичките лица кои уплатиле удел или акции за основање или соосновање на ново друштво во странство, или **за докапитализација на друштвата во кои биле основачи или соосновачи** - на образецот го заокружуваат видот на вложување ДИ 11/2 - **вложување во ново друштво**;

- Трговските друштва, претприемачите и физичките лица кои се сопственици на недвижности во странство - на образецот го заокружуваат видот на вложување ДИ 11/3 - **вложување во недвижности**;

- Трговските друштва, претприемачите и физичките лица кои склучиле договор за основање или соосновање на друштво во странство и/или уплатиле капитален влог или акции за основање друштво во странство при што друштвото се уште не е регистрирано - на образецот го заокружуваат видот на вложување ДИ 11/4 - **друштво во основање**;

- Трговските друштва кои имаат капитални вложувања (удели или акции) и/или недвижности во странство кои не се прикажани во билансите на друштвата, а се однесуваат на имотот во поранешните југословенски републики - на образецот го заокружуваат видот на вложување ДИ 11/5-**вложувања кои не се прикажани во билансите**;

- Трговските друштва, претприемачите и физичките лица кои имаат филијала во странство - на образецот го заокружуваат видот на вложување ДИ 11/6-**филијала во странство**;

- Трговските друштва, претприемачите и физичките лица кои имаат во странство вложување во претпријатија во стечај - на образецот го заокружуваат видот на вложување ДИ 11/7-**друштво во стечај**.

13. Резидентот станува обврзник за известување, на денот на дозначување на финансиските средства во странство како влог во пари, односно на денот на извозот како влог во стока, односно на денот на склучување на договор за стекнат капитален влог или недвижнина во случаите кога нема уплата на средства при основањето (ако плаќањето не е извршено преку деловна банка, или ако стоката не ја поминала границата на Република Македонија).

14. Пополнување на одделните полиња од годишниот извештај за состојбата и прометот на поврзаните субјекти на образец ДИ 11 - вложување во странство.

Во полето „**известувач**" се впишува целосниот назив на трговското друштво и неговото седиште, или презимето и името ако се работи за физичко лице, како и местото на престој односно постојано живеење.

Во полето„**организациски облик**" известувачот ја впишува формата на организацијата на трговското друштво во согласност со Законот за трговски друштва (Д.О.О., А.Д. итн.) „Сл. весник на РМ" бр. 28/96 и 7/97.

Во полето „**матичен број**" мора да се наведе матичниот број на трговското друштво-известувач од регистарот на правни лица на Заводот за статистика на Република Македонија, односно од регистарот на занаетчии и самостојни претприемачи, додека пак физичките лица наведуваат адреса на престој, односно постојано живеење, и регистарски број од личната карта.

Во полето „**состојба на ден 31.12.**" известувачот ја внесува годината за која известува (година на известување).

Во полето „**вид на вложување**" известувачот го наведува видот на вложување за кое што известува, во согласност со точка 12 од ова упатство.

Во полето **„странски партнер“** известувачот наведува:

- за вид на вложување 11/1 – влог во постојно друштво: целосен назив и седиште на друштвото, како и бројот на упис во трговскиот регистар во странство;
- за вид на вложување 11/2 – влог во ново друштво: целосен назив и седиште на друштвото, како и бројот на упис во трговскиот регистар во странство;
- за вид на вложување 11/3 – влог во недвижности: се запишува „недвижност“, се наведува локацијата, бројот на уписот во земјишната книга и катастарскиот број;
- за вид на вложување 11/4 – друштво во основање: се наведува предвидениот назив и седиштето на друштвото;
- за вид на вложување 11/5 – вложувања кои не се прикажани во билансите: се наведува називот и седиштето на друштвото, како и бројот на упис во трговскиот регистар во странство, односно се запишува „недвижност“, се наведува локацијата, бројот на упис во земјишната книга и катастарскиот број;
- за вид на вложување 11/6 – филијала во странство: се запишува „филијала“ и се наведува називот, седиштето и бројот на упис во регистарот на филијали во странство;
- за вид на вложување 11/7 – друштво во стечај: се запишува целосниот назив и седиштето на друштвото, бројот на упис во трговскиот регистар во странство, како и датумот и бројот на упис на стечајот во регистар.

Во полето **„држава“** известувачот ги наведува нумеричката и текстуалната шифра на државата во која има вложување. (Прилог бр. 1).

Во полето **„валута на известување“** известувачот ја запишува онаа валута во која странската земја ги искажува вложувањата во деловните книги, со исклучок на вложувањата во Словенија, Босна и Херцеговина, Хрватска и СР Југославија за кои известува во денари. Кога вложувањето во странство не е влог во самостојно правно лице (пр. недвижности), валута на известување е денарот. Кога вложувањето е во земја со висока инфлација, известувањето се врши во конвербитилна валута. Известувачот ја запишува валутата во нумеричка и текстуална шифра. (Прилог бр. 2).

Во полето **„евиденционен/регистарски број“** известувачот го запишува бројот на упис во регистарот на Министерството за надворешни работи. При известување за непроизводни и нерегистрирани вложувања ова поле останува празно, односно известувачот го внесува евиденциониот број на Народна банка на Република Македонија.

## ДЕЛ А. СОСТОЈБА НА ВЛОЖУВАЊАТА ВО СТРАНСТВО

Во делот А „Состојба на вложувањата“ во редовите од 1 до 11, известувачот ги внесува податоците за вредноста на вкупниот капитал со кој учествува и неговата структура од својот биланс на состојба за тековната година, кои треба да се усогласени со податоците од потврдениот биланс на состојба и биланс на успех на странското друштво во кое резидентот има вложување.

За непроизводните вложувања (недвижности), за кои не се располага со податоци за нивната книговодствена вредност (на пр. вложувањата на физички лица), известувачот ја впишува оценетата празна вредност на имотот ако со истата располага, а во спротивно набавната вредност.

Ред 1. **Вредност на уделот во вкупниот капитал:** известувачот ја впишува целокупната вредност на своето вложување во капиталот на странското друштво или вредноста на непроизводното вложување, т.е. не ја впишува целокупната вредност на странското друштво, туку само вредноста на својот удел. Неговиот удел во капиталот на странското друштво го сочинуваат запишаниот основен капитал или акции, евентуално можниот удел на уплатениот вишок на капитал, уделот во резервите и уделот во добивката, односно загубата. Оттука, во ред 1. се впишува збирот од редовите бр. 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

При вид на вложување 11/3 – недвижности, известувачот известува за книговодствената вредност на недвижноста по сегашна вредност (ревалоризирана набавна вредност минус исправката на вредноста).

Ред 2. **Запишан основен капитал:** известувачот ја впишува вредноста на влогот (ако е 100% сопственик), односно вредноста на својот капитален удел (ако е помалку од 100% сопственик), која е запишана во трговскиот регистар на друштвата во странската држава. Податокот известувачот го добива од регистарскиот лист од странското друштво. Ако странското друштво е акционерско друштво, известувачот ја впишува целокупната номинална вредност на акциите кои ги уплатил. Редот 2 е збир на уплатениот и неуплатениот запишан основен капитал, односно е збир на редовите 3 и 4.

Ред 3. **Уплатен капитал:** известувачот ја впишува вредноста на стварно уплатениот капитал во пари и непаричниот влог, која може да биде еднаква или помала од вредноста на запишаниот капитал.

Ред 4. **Неуплатен капитал:** во овој ред известувачот ја впишува вредноста на неуплатениот запишан капитал, во случај кога целокупниот запишан капитал се уште не е уплатен.

Известувачот исто така го пополнува овој ред и во случај кога обврските за неуплатениот запишан капитал не се евидентирани на сметките за обврски, бидејќи е тоа негова потенцијална обврска.

Ред 5. **Уплатен вишок на капитал:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа во вредноста која акционерите ја плаќаат за акциите, ако плаќањето е поголемо од номиналната вредност на акциите. Овој ред го пополнува само известувачот кој има вложување во странски друштва во кои, во согласност со локалните прописи, е дозволена уплата на вишок на капитал (aggio), и притоа го впишува уделот на вишокот на уплатената над номиналната вредност на акциите.

Ред 6. **Резерви:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа во вредноста од нето добивка од тековната или претходните години која е пренесена во резерви, во согласност со одлуката на управниот одбор на друштвото.

Ред 7. **Пренесена нето добивка од претходните години:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа во вредноста од нето добивката од претходните деловни години, која останала нераспределена и не била на друг начин потрошена (т.е нераспределена добивка, освен нераспределената добивка од тековната година).

Ред 8. **Пренесена загуба од претходните години:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа во загубата од претходните деловни години (освен загубата во тековната година) која останала непокриена (со негативен предзнак).

Ред 9. **Ревалоризација на капиталот:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа во вкупната вредност на ревалоризацијата на сите капитални ставки (т.е. запишаниот капитал, резервите, нераспределената добивка/загуба, итн.). Известувачот ставката ја прикажува во случај кога поврзаното друштво го ревалоризира капиталот во согласност со прописите во матичната држава.

Ред 10. **Нераспределена нето добивка во тековната година:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа во вкупната вредност од нето добивката која по распределбата на добивката во тековната година останала нераспределена.

Ред 11. **Загуба во тековната година:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа во вредноста на загубата од работењето во тековната година, која останала непокриена (со негативен предзнак).

Ред 12. **Процентуално учество во вкупниот капитал:** известувачот го впишува учеството во целокупниот капитал на странското друштво во проценти (%). Учеството го утврдува од регистарскиот лист на странското поврзано друштво, на тој начин што ја дели вредноста на својот влог со целокупниот запишан капитал на поврзаното друштво. Кај акционерските друштва ја дели номиналната вредност на акциите кои ги запишал со целокупната вредност на сите запишани акции. Доколку така пресметаниот удел е помал од 0,01%, известувачот впишува 0,01%.

Редовите од 5 до 11 известувачот ги пресметува од билансите на состојба на поврзаните друштва врз основа на уделот во основниот капитал на тие поврзани друштва (ред 12).

За новите друштва и за друштвата во основање, известувачот ги пополнува редовите 1, 2, 3, 4, 5 и 12 (затоа што за останатите не располага со податок), за вложувањата во недвижност и вложувањата кои не се прикажани во билансите известувачот ги пополнува само редовите 1 и 12, со тоа што за вложувањата кои не се прикажани во билансите, доколку располага со податоци може да ги пополни и останатите редови.

## ДЕЛ Б. НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

За вид на вложување ДИ 11/3 - вложување во недвижност, делот Б известувачот не го пополнува.

Нето добивка е добивката остварена во тековната година намалена за давачките од добивка кон државата во која се наоѓа поврзаното друштво, независно од тоа дали давачките се платени или не.

Ред 13. **Нето добивка/загуба на странското друштво:** известувачот ја впишува вредноста на нето добивка или загуба на друштвото во странство според последното прикажување во билансот на успех. Вредноста на загубата се впишува со негативен предзнак. Податокот се впишува за целокупното странско друштво, независно од уделот на известувачот во капиталот на поврзаното друштво.

Ред 14. **Вредноста на уделот на резидентот во нето добивка/загуба:** известувачот ја впишува вредноста на нето добивка/загуба од извештајната година која му припаѓа како на вложувач, во согласност со неговиот удел или посебниот договор помеѓу здружените членови.

Распределбата на вредноста на уделот во нето добивка/загуба од тековната година која му припаѓа, известувачот мора да ја појасни во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот", со примена на шифрирани основи и опис на истите од приложениот шифрарник за видот на трансакциите (Прилог бр. 3):

- **Доколку за утврдената добивка во тековната година не е донесена одлука на управниот орган за распределба до 28.02., односно до денот на доставување на годишната пресметка, известувачот треба истата да ја прикаже во ред 10, а исто така и во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот" како зголемување на капиталот.**
- Доколку утврдената добивка во тековната година, со одлука на управниот орган е распределена за исплата и е исплатена во извештајната година, треба да се прикаже во ред 15.
- Доколку утврдената добивка во тековната година, со одлука на управниот орган до 28.02., односно до денот на доставување на годишната пресметка е распределена за исплата, а остане неисплатена во извештајната година, треба да се прикаже како зголемување на побарувањата во дел Г. ред 23, и да се појасни во „напомени".
- Доколку утврдената добивка во претходните години, со одлука на управниот орган до 28.02., односно до денот на доставување на годишната пресметка, е распределена за исплата, а остане неисплатена во извештајната година, треба да се прикаже како зголемување на побарувањата во дел Г. ред 23, и да се појасни со шифра во делот В „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот" како намалување на капиталот.
- Доколку утврдената добивка во тековната година, со одлука на управниот орган до 28.02., односно до денот на доставување на годишната пресметка, е распределена на обврски кон несопственици за учество во добивката, износот на обврската кон несопствениците се наведува во „напомени".
- Доколку утврдената добивка во тековната година, со одлука на управниот орган до 28.02., односно до денот на доставување на годишната пресметка, е распределена за покривање на загубата од претходните години, **за истата вредност се намалува вредноста на непокриената загуба во ред 8, и се појаснува со шифра на делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот" како зголемување на капиталот.**
- Доколку утврдената добивка во тековната година, со одлука на управниот орган до 28.02., односно до денот на доставување на годишната пресметка, е распределена на другите ставки на капитал (на пр. резерви и основен капитал), ќе се прикаже како зголемување во соодветниот ред од 3 до 6, и ќе се појасни со шифра во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот" како зголемување на капиталот.

Доколку во тековната година се утврди *загуба* ќе се прикаже како загуба во ред 11 и ќе се појасни со шифра во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот", со негативен предзнак.

Известувачот мора да известува за добивка/загубата врз основа на целокупната добивка/загуба на странското поврзано друштво и својот удел или акции, односно врз основа на договорот за поделба на добивката во актот за основање во странското друштво.

Ред 15: **Исплатена добивка:** известувачот го впишува оној дел од вредноста на добивката во тековната година, кој како аконтација за учество во добивката му е исплатен во годината за која известува. Во овој ред не ја впишува исплатената задржана добивка од претходните години, бидејќи е должен да ја прикаже како намалување на капиталот.

## ДЕЛ В. ВИД НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА УДЕЛОТ ВО КАПИТАЛОТ

Известувачот во оваа табела мора да ги впише трансакциите кои влијаеле на промената во вредноста на капиталот од ред 1 во тековната година во однос на претходната година. Притоа се употребуваат шифрите и описите од приложениот шифрарник за видови на трансакции. (Прилог бр. 3)

Известувачот, исто така, може во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот во

капиталот“ да даде само детален текстуален опис на трансакцијата која довела до промена (на пр. извоз на стока-стварен влог, уплатен удел за докапитализација во пари, ревалоризациони промени, купување односно продавање на уделот итн.).

Во случај друштвото да е основано, а известувачот стекнал капитален влог во годината за која известува, вредноста на неговиот удел во капиталот на друштвото од ред 1, мора да ја спецафицира во оваа табела (колкав дел од капиталот е впишан во пари, колкав дел е уплатен со стварен влог, колкав дел од впишаниот капитал останал неплатен, колкава е ревалоризацијата која му припаѓа, колкав е тековниот удел на известувачот во резултатите од работењето).

Збирот на вредностите пополнети во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот“, мора да биде еднаков на разликата помеѓу капиталот во претходната година и капиталот во тековната година од ред 1.

Известувачот на втората страна на образецот ДИ 11, мора да ги впише истите идентификациони податоци како на првата страна, со тоа што валутата на известување може да се разликува.

## ДЕЛ Г. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ СО ПОВРЗАНОТО ДРУШТВО

Известувачот треба да известува за состојбата на побарувањата и обврските од тековното работење со поврзаното друштво на ден 31.12 од извештајната година. Известувачот, исто така, известува и за бруто прометот на побарувањата од и обврските кон поврзаното друштво.

Вредноста на состојбата на побарувањата на последниот ден од тековната година, мора да биде еднаква на состојбата од последниот ден претходната година и прометот во тековната година т.е. плус (+) „должи“ минус (–) „побарува“. Вредноста на состојбата на обврските на последниот ден од тековната година, мора да биде еднаква на состојбата од последниот ден претходната година и прометот во тековната година т.е. минус (–) „должи“ плус (+) „побарува“. Податокот во колона „должи“ е вредност на зголемување на побарувањата, односно намалување на обврските во тековната година. Податокот во колона „побарува“ е вредност на зголемување на обврските, односно намалување на побарувањата во тековната година

Извор на податоци за пополнување на делот Г. е билансот на состојба на известувачот. Притоа, известувачот ги наведува *само* побарувањата и обврските кои ги има со поврзаното друштво од тековното работење, а не вкупните побарувања и обврски на известувачот.

Во извештајот потребно е да се прикаже бруто вредноста на побарувањата без притоа да се земе во предвид исправката на вредноста.

Сите податоци во делот Г. треба да се искажат во валутата на известување која може да биде иста со валутата од првата страна на образецот, или во денари по среден курс на Народна банка на Република Македонија на 31.12. од извештајната година, без оглед на курсот по кој се вршени трансакциите, т.е. вклучувајќи ги курсните разлики.

**Известувачот побарувањата и обврските ги дели на долгорочни и краткорочни во зависност од основот по кој настанале и притоа не врши пренос на тековните довтасани долгорочни побарувања и обврски во краткорочни побарувања и обврски.**

Ред 16. **Вкупни побарувања** (од ред 17 до 20 + од 21 до 25): известувачот го впишува збирот на сите побарувања од странското поврзано друштво, со состојба на ден 31.12. од извештајната година. Во наредните редови побарувањата се прикажуваат одвоено, во зависност од основот врз кој настанале, и тоа:

Ред 17. **Долгорочни побарувања – од финансирање** (со рок на довтасување над една година): известувачот ги впишува побарувањата од поврзаното друштво настанати по дадени догорочни заеми врз основа на договор, по дадени долгорочни заеми со откуп на обврзници и откуп на други долгорочни хартии од вредност (освен акции), долгорочни депозити, итн.

Ред 18. **Долгорочни побарувања – од работењето:** известувачот ги впишува долгорочните побарувања од странското поврзано друштво настанати врз основа на комерцијални кредити, дадени гаранции, финансиски лизинг и сл.

Ред 19. **Долгорочни побарувања – останато:** известувачот ги впишува останатите долгорочни побарувања од странското поврзано друштво, кои не може да ги распореди во претходните редови.

Ред 20. **Долгорочни камати:** известувачот ја впишува каматата по сите долгорочни побарувања од поврзаното друштво. Известувачот, побарувањата врз основа на камата, не ги вклучува кај побарувањата по кои настанале во ред од 17 до 19, туку во целост ги прикажува во ред 20. Притоа, не е важно дали се однесува за пресметана камата на денот на позајмување, или за редовна или затезна камата.

Ред 21. **Краткорочни побарувања – од финансирање** (со рок на довтасување до една година): во овој ред известувачот ги впишува побарувањата од странското поврзано друштво по краткорочните позајмици.

Ред 22. **Краткорочни побарувања – од работењето:** известувачот ги впишува краткорочните побарувања од странското поврзано друштво кога тоа се јавува како купувач, за дадените краткорочни комерцијални кредити како и за дадените аванси и гаранции.

Ред 23. **Краткорочни побарувања – од работењето за добивката распоредена за исплата:** известувачот ја впишува вредноста на својот удел во добивката, која со одлука на управниот орган е распоредена за исплата, но се уште не е исплатена.

Ред 24. **Краткорочни побарувања – останато:** известувачот ги впишува останатите краткорочни побарувања од странското поврзано друштво кои не може да ги распореди во претходните редови.

Ред 25. **Краткорочни камати:** известувачот ја впишува каматата по сите краткорочни побарувања од поврзаното друштво. Известувачот, побарувањата врз основа на камата, не ги вклучува кај побарувањата по кои настанале во ред од 21 до 24, туку во целост ги прикажува во ред 25. Притоа, не е важно дали се однесува за пресметана камата на денот на позајмување, или за редовна или затезна камата.

Ред 26. **Вкупни обврски** (од ред 27 до 30 + од 31 до 34): известувачот го впишува збирот на сите обврски кон странското поврзано друштво, со состојба на ден 31.12. од извештајната година. Во наредните редови обврските се прикажуваат одвоено, во зависност од основот врз кој настанале и тоа:

Ред 27. **Долгорочни обврски – од финансирање** (со рок на довтасување над една година): известувачот ја впишува вредноста на долгорочно добиените заеми од странското поврзано друштво за издадени обврзници, заеми врз основа на договор за заем, долгорочни депозити итн.

Ред 28. **Долгорочни обврски – од работењето:** известувачот ја впишува вредноста на примените долгорочни комерцијални кредити и примените долго-

рочни гаранции од странското поврзано друштво, финансиски лизинг и сл.

Ред 29. **Долгорочни обврски – останато:** известувачот ги впишува останатите долгорочни обврски кон странското поврзано друштво, кои не може да ги распореди во претходните редови.

Ред 30. **Долгорочни камати:** известувачот ја впишува каматата на сите долгорочни обврски кон поврзаното друштво. Известувачот, обврските врз основа на камата, не ги вклучува кај обврските по кои настанале во ред од 27 до 29, туку во целост ги прикажува во ред 30. Притоа, не е важно дали се однесува за пресметана камата на денот на позајмување, или за редовна или затезна камата.

Ред 31. **Краткорочни обврски – од финансирање** (со рок на довтасување до една година): во овој ред, известувачот ја впишува вредноста на добиените краткорочни позајмици од странското поврзано друштво.

Ред 32. **Краткорочни обврски – од работењето:** известувачот ги впишува краткорочните обврски кон странското поврзано друштво кога тоа се јавува како добавувач, како и примените краткорочни комерцијални кредити, аванси и гаранции.

Ред 33. **Краткорочни обврски – останато:** известувачот ги впишува останатите краткорочни обврски кон странското поврзано друштво кои не може да ги распореди во претходните редови.

Ред 34. **Краткорочни камати:** известувачот ја впишува каматата на сите краткорочни обврски кон поврзаното друштво. Известувачот, обврските врз основа на камата, не ги вклучува кај обврските по кои настанале во ред од 31 до 33, туку во целост ги прикажува во ред 34. Притоа, не е важно дали се однесува за пресметана камата на денот на позајмување, или за редовна или затезна камата.

## III. ОБРАЗЕЦ ДИ - 22 - ВЛОЖУВАЊЕ ОД СТРАНСТВО

**15.** **За вложувањата од странство** на образец **ДИ 22,** известуваат сите резиденти кај кои нерезиденти имаат капитални вложувања и тоа:

- Трговски друштва, во кои нерезидент купил удел или акции од дотогашниот сопственик на постојното друштво, или уплатил средства за докапитализација и така стекнал удел или акции во тоа друштво – на образецот го заокружува видот на друштвото ДИ 22/1 – **вложување во постојно друштво.**

- Трговски друштва, во кои нерезиденти уплатиле свој удел или акции за основање или сооснување на ново друштво, или за зголемување на сопственичкиот капитал во друштвото во кое биле основачи или сооснивачи – на образецот го заокружуваат видот на вложување ДИ 22/2 – **вложување во ново друштво.**

- Филијали, основани од странски друштва – на образецот го заокружуваат видот на друштвото ДИ 22/3 – **филијала.**

- Заводи и фондации, во кои удел односно право на одлучување имаат странски правни или физички лица – на образецот го заокружуваат видот на вложување ДИ 22/4 – **заводи и фондации.**

**16.** Резидентот станува обврзник за известување на образец ДИ 22/1 – вложување во постојно друштво, од денот на уплаќање науделот на странскиот вложувач како влог во пари, односно од денот на увоз на стоките како влог во стока. Резидентот станува обврзник за известување на образец ДИ 22/2 – вложување во ново друштво и ДИ 22/3-филијала, од денот на запишување во соодветниот регистар, а за ДИ 22/4-заводи и фондации со денот на склучување на договор за вложување.

За вид на извештај ДИ 22/1 – вложување во постојно друштво, резидентот станува обврзник и од денот на склучување на договор за стекнување на капитално вложување од страна на нерезидент (ако уплатата на уделите или акциите не е извршена преку деловна банка, или ако стоката не ја поминала границата на РМ).

**17.** Пополнување на одделните полиња од годишниот извештај за состојбата и прометот на поврзаните субјекти на образец ДИ 22 – вложување од странство.

Во полето **„известувач"**, се впишува целосниот назив на правното лице и неговото седиште.

Во полето **„организациски облик"**, известувачот ја впишува формата на организација на друштвото во согласност со Законот за трговски друштва (Д.О.О., А.Д. итн.) „Сл. весник на РМ" бр. 28/96 и 7/97.

Во полето **„матичен број"**, мора да се наведе *матичниот број* на правното лице-известувач од регистарот на правни лица на Заводот за статистика на Република Македонија.

Во полето **„состојба на ден 31.12"**, известувачот ја внесува годината за која известува (година на известување).

Во полето **„вид на сопственичко друштво"**, известувачот го заокружува видот на друштвото за кое што известува, во согласност со точка 15 од ова упатство.

Во полето **„странски партнер"**, известувачот го впишува целосниот назив и седиштето на нерезидентното друштво, односно полното име на странското физичко лице и постојаното место на живеење.

Во случај кога има повеќе странски вложувачи, известувачот известува за секој вложувач одделно. Доколку вложувачите се физички лица известувачот може збирно да ги прикаже податоците за сите физички лица од иста држава во еден извештај, односно не треба да изготви извештај за секој нерезидент одделно.

Во полето **„држава"**, известувачот ги наведува нумеричката и текстуална шифра на државата на нерезидентот сопственик или сосопственик во капиталот на друштвото-известувач од Република Македонија. (Прилог бр. 1).

Во полето **„валута на известување"**, известувачот ја впишува нумеричката и текстуалната шифра на денарот.

Известувачот известува во денари врз основа на изготвените книговодствени извештаи за тековната година.

Во полето **„евиденционен/регистарски број“**, известувачот во извештајот ДИ 22 го запишува бројот на упис во регистарот на Министерството за надворешни работи. При известување за нерегистрирани вложувања го внесува евиденциониот број во Народна банка на Република Македонија.

## ДЕЛ А. СОСТОЈБА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА НЕРЕЗИДЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во делот А. „Состојба на вложувањата“ во редовите од 1 до 11 известувачот ги внесува податоците за вредноста на вкупниот капитал со кој учествува нерезидентот и неговата структура, од билансот на состојба за тековната година.

Ред 1. **Вредност на уделот во вкупниот капитал:** известувачот ја впишува целокупната вредност на уделот на нерезидентот во капиталот на правното лице - известувач на ден 31.12. од извештајната година, т.е. не ја впишува целокупната вредност на капиталот на домашното друштво. Вредноста на странскиот удел во капиталот е еднаква на вредноста на капиталот од билансот на состојба, само во случај кога нерезидентот е единствен сопственик на друштвото. Доколку нерезидентот е сопственик на помалку од 100% од капиталот на друштвото, се запишува само вредноста на капиталот која му припаѓа на тој нерезидент.
Известувачот во ова поле го впишува збирот од редовите бр. 3,4,5,6,7,8,9,10 и 11.

Ред 2. **Запишан основен капитал:** известувачот ја впишува вредноста на капиталниот влог или капиталниот удел на нерезидентот, која е запишана во соодветниот трговски регистар на друштва, или ја впишува номиналната вредност на акциите уплатени од нерезидентот.

Ред 3. **Уплатен капитал:** известувачот ја впишува вредноста на стварно уплатениот влог или удел кој му припаѓа на нерезидентот која може да е еднаква или помала од вредноста на запишаниот капитал. Уплатениот основен капитал може да биде во пари, во стока, како и зголемување на капиталот од средствата на друштвото.

Ред 4. **Неуплатен капитал:** во овој ред известувачот ја впишува вредноста на неуплатениот запишан капитал, кога целокупниот запишан капитал сеуште не е уплатен до 31.12. од извештајната година.

Ред 5. **Уплатен вишок на капитал:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа на нерезидентот во вишокот на вредноста која акционерите ја плаќаат при уплатата на акциите над износот на номиналната вредност на акциите.

Ред 6. **Резерви:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа на нерезидентот во вредноста од нето добивка од тековната и претходните години која е пренесена во резерви или поинаку наменски издвоена за резерви, во согласност со одлуката на управниот орган на друштвото.

Ред 7. **Пренесена нето добивка од претходните години:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа на нерезидентот во вредноста од нето добивката од претходните деловни години, која останала нераспределена и не била на друг начин потрошена до 31.12. од извештајната година.
Ред 8. **Пренесена загуба од претходните години:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа на нерезидентот во загубата од претходните деловни години која останала непокриена (со негативен предзнак).

Ред 9. **Ревалоризација на капиталот:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа на нерезидентот во вкупната вредност на ревалоризацијата на сите капитални ставки.

Ред 10. **Нераспределена нето добивка во тековната година:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа на нерезидентот во вкупната вредност на нето добивката, која по распределбата на добивката останала нераспределена до 31.12. од извештајната година.

Ред 11. **Загуба во тековната година:** известувачот го впишува уделот кој му припаѓа на нерезидентот во вкупната вредност на непокриената загуба од работењето во тековната година (со негативен предзнак).

Ред 12. **Процентуално учество во вкупниот капитал:** известувачот го впишува учеството на сопственикот-нерезидент во целокупниот капитал на друштвото во проценти (%). Доколку учеството е помало од 0,01%, се впишува 0,01%.
Учеството во капиталот на друштвото во % кога има странски капитален удел, се пресметува од регистарскиот лист како однос помеѓу запишаниот удел на нерезидентот-сопственик и целокупно запишаниот капитал. Кај акционерско друштво, во кое нерезидентот има удел во акции, учеството се пресметува како однос помеѓу бројот на запишаните акции на нерезидентот, односно нивната номинална вредност и бројот на сите продадени/запишани акции, односно нивната номинална вредност.
За новите друштва, известувачот ги пополнува редовите 1,2,3,4,5 и 12 на првата страна од образецот ДИ 22. За филијали кои обавуваат непрофитна дејност, известувачот ги пополнува само редовите 1 и 12.

## ДЕЛ Б. НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

Нето добивка е добивката остварена во тековната година, намалена за давачките од добивка кон државата, независно од тоа дали давачките се платени или не до денот на известувањето.

Ред 13. **Нето добивка/загуба на друштвото:** известувачот ја впишува вкупната вредност на нето добивката или загубата на друштвото според билансот на успех, независно од тоа дали нерезидентот е целосен или делумен сопственик на друштвото. Вредноста на загубата се впишува со негативен предзнак.

Ред 14. **Вредност на уделот на нерезидентот во вкупната добивка/загуба:** известувачот ја впишува онаа вредност на нето добивка/загуба од извештајната година која му припаѓа на нерезидентот, во согласност со неговиот удел во капиталот на друштвото или врз основа на посебниот договор помеѓу здружените членови.
Известувачот мора, во дело В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот“, да ја појасни распределбата на вредноста на уделот во нето добивката и покривањето на загубата од тековната година, со примена на соодветни шифрирани основи и опис од приложениот шифрарник за видот на трансакциите (Прилог бр. 4):

- Доколку за утврдената добивка во тековната година не е донесена одлука на управниот орган за

расределба, известувачот треба истата да ја прикаже во ред 10, а исто така и во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот", како зголемување на капиталот.

– Доколку утврдената добивка во тековната година, со одлука на управниот орган, е распределена за исплата и е исплатена во извештајната година, треба да се прикаже во ред 15.

– Доколку утврдената добивка во тековната година со одлука на управниот орган, е распределена за исплата, а остане неисплатена во извештајната година, треба да се прикаже како зголемување на обврските во делот Г. „состојба на побарувањата и обврските од тековното работење со поврзаното друштво" ред 32, и да се појасни во „напомени".

– Доколку утврдената добивка во претходните години, со одлука на управниот огран до 28.02, односно до денот на доставување на годишната пресметка, е распределена за исплата, а остане неисплатена во извештајната година, треба да се прикаже како зголемување на побарувањата во дел Г. ред 32, и да се појасни со шифра во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот" како намалување на капиталот.

– Доколку утврдената добивка во тековната година, со одлука на управниот орган до 28.02, односно до денот на доставување на годишната пресметка, е распределена на обврски кон несопственици за учество во добивката, износот на обврската кон несопствениците се наведува во „напомени".

– Доколку утврдената добивка во тековната година, со одлука на управниот орган, е распределена за покривање на загубата од претходната година, за истата вредност се намалува вредноста на непокриената загуба од ред 8, и се појаснува со шифра во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот", како зголемување на капиталот.

– Доколку утврдената добивка во тековната година, со одлука на управниот орган е распределена на другите ставки на капитал, треба да се прикаже во соодветниот ред од 1 до 6 и да се појасни со шифра во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот", како зголемување на капиталот.

Доколку од работењето во тековната година се утврди загуба, ќе се прикаже како загуба во ред 11 и ќе се појасни со шифра во дел В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот". Износот на загубата се впишува со негативен предзнак.

Ред 15: **Исплатена добивка:** известувачот го впишува оној дел од вредноста на добивката во тековната година, која како аконтација за учество во добивката му е исплатена на сопственикот во извештајната година. Ако известувачот во извештајната година исплаќа аконтација за учество во добивката на несопственици, износот на овие исплати го наведува во „напомени".

## ДЕЛ В. ВИД НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА УДЕЛОТ ВО КАПИТАЛОТ

Известувачот, во оваа табела мора да ги впише трансакциите кои влијаеле на промената на вредноста на капиталот од ред 1 во тековната година во однос на претходната година. Притоа се употребуваат шифрите и описите од приложениот шифрарник за видови на трансакции. (Прилог бр. 4).

Известувачот, исто така, може да даде само детален текстуален опис на транскацијата која довела до промени во дел В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот" (на при. увоз на стокастварен влог, уплатен удел за докапитализација во пари, ревалоризациони промени, купување односно продавање на уделот во капиталот итн).

Во случај друштвото да е основано, а нерезидентот стекнал сопственички удел/акција во извештајната година, вредноста на уделот на нерезидентот во капиталот на друштвото од ред 1 известувачот мора да ја специфицира во оваа табела (колкав дел од капиталот нерезидентот го уплатил во пари, колкав дел е уплатен во стварен влог, колкав дел од капиталот останал неплатен, колкава е ревалоризацијата која му припаѓа, колкав е делот од тековните резултати од работењето што му припаѓаат на нерезидентот). Збирот на вредностите пополнети во делот В. „вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот", мора да биде еднаков на разликата помеѓу капиталот во претходната година и капиталот во тековната година од ред 1.

Известувачот на втората страна на образецот ДИ-22 мора да ги впише истите идентификациони податоци како на првата страна.

## ДЕЛ Г. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ СО ПОВРЗАНОТО ДРУШТВО

Известувачот треба да известува за состојбата на побарувањата и обврските од тековното работење со поврзаното друштво на ден 31.12 од извештајната година. Известувачот, исто така, известува и за бруто прометот на побарувањата од и обврските кон поврзаното друштво.

Вредноста на состојбата на побарувањата на последниот ден од тековната година, мора да биде еднаква на состојбата на последниот ден од претходната година и прометот во тековната година т.е. плус (+) „должи" минус (–) „побарува". Вредноста на состојбата на обврските на последниот ден од тековната година мора да биде еднаква на состојбата на последниот ден од претходната година и прометот во тековната година т.е. минус (–) „должи" плус (+) „побарува". Податокот во колона „должи" е вредност на зголемување на побарувањата, односно намалување на обврските во тековната година. Податокот во колона „побарува" е вредност на зголемување на обврските односно намалување на побарувањата во тековната година.

Сите податоци во делот Г. „состојба на побарувањата и обврските од тековното работење со поврзаното друштво" се искажуваат во денари по среден курс на Народна банка на Република Македонија на ден 31.12. од извештајната година, независно од тоа во која валута е потекло на работењето на поврзаното друштво, и курсот по кој се вршени трансакциите, т.е. вклучувајќи ги курсните разлики.

Известувачот, побарувањата и обврските ги дели на долгорочни и краткорочни во зависност од основот по кој настанале, и при тоа не врши пренос на теков-

ните довтасани долгорочни побарувања и обврски во краткорочни побарувања и обврски.

Ред 16. **Вкупни побарувања** (од ред 17 до 20 плус (+) од 21 до 24): известувачот го впишува збирот на сите побарувања од странското поврзано друштво со состојба на ден 31 12 од извештајната година. Во наредните редови побарувањата се прикажуваат одвоено, во зависност од основот по кој настанале и тоа:

Ред 17. **Долгорочни побарувања – од финансирање** (со рок на довтасување над една година): известувачот ги впишува побарувањата од поврзаното друштво настанати по дадени долгорочни заеми врз основа на договор, по дадени долгорочни заеми со откуп на обврзници и откуп на други долгорочни хартии од вредност (освен акции), долгорочни депозити, итн.

Ред 18. **Долгорочни побарувања – од работењето:** известувачот ги впишува долгорочните побарувања од странското поврзано друштво настанати врз основа на комерцијални кредити, дадени гаранции, финансиски лизинг и сл.

Ред 19. **Долгорочни побарувања – останато:** известувачот ги впишува останатите долгорочни побарувања од странското поврзано друштво, кои не може да ги распореди во претходните редови.

Ред 20. **Долгорочни камати:** известувачот ја впишува каматата по сите долгорочни побарувања од поврзаното друштво. Известувачот, побарувањата врз основа на камата, не ги вклучува кај побарувањата по кои настанале во ред од 17 до 19, туку во целост ги прикажува во ред 20. Притоа, не е важно дали се однесува за пресметаната камата на денот на позајмување, или за редовна или затезна камата.

Ред 21. **Краткорочни побарувања – од финансирање** (со рок на довтасување до една година): во овој ред известувачот ги впишува побарувањата од странското поврзано друштво по краткорочните позајмици.

Ред 22. **Краткорочни побарувања – од работењето:** известувачот ги впишува краткорочни побарувања од странското поврзано друштво кога тоа се јавува како купувач, за дадените краткорочни комерцијални кредити како и за дадените аванси и гаранции.

Ред 23. **Краткорочни побарувања – останато:** известувачот ги впишува останатите краткорочните побарувања од странското поврзано друштво кои не може да ги распореди во претходните редови.

Ред 24. **Краткорочни камати:** известувачот ја впишува каматата по сите краткорочни побарувања од поврзаното друштво. Известувачот, побарувањата врз основа на камата, не ги вклучува кај побарувањата по кои настанале во ред од 21 до 23, туку во целост ги прикажува во ред 24. Притоа, не е важно дали се однесува за пресметаната камата на денот на позајмување, или за редовна или затезна камата.

Ред 25. **Вкупни обврски** (од ред 26 до 29 и од 30 до 34): известувачот го впишува збирот на сите обврски кон странските поврзани друштва со состојба на ден 31.12. од извештајната година, а потоа одвоено ги прикажува обврските во зависност од основот по кој настанале и тоа:

Ред 26. **Долгорочни обврски – од финансирање** (со рок на довтасување над една година): известувачот ја впишува вредноста на долгорочно добиените заеми од нерезидентот-сопственик за издадени обврзници, заеми врз основа на договор за заем, долгорочни депозити и итн.

Ред 27. **Долгорочни обврски од работењето:** известувачот ја впишува вредноста на примените долгорочни комерцијални кредити и примените долгорочни гаранции од нерезидентот-сопственик.

Ред 28. Долгорочни обврски – останато: известувачот ги впишува останатите долгорочни обврски кон нерезидентот-сопственик, кои не може да ги распореди во претходните редови.

Ред 29. **Долгорочни камати:** известувачот ја впишува каматата на сите долгорочни обврски кон поврзаното друштво. Известувачот, обврските врз основа на камата, не ги вклучува кај обврските по кои настанале во ред 26 до 28, туку во целост ги прикажува во ред 29. Притоа, не е важно дали се однесува за пресметаната камата на денот на позајмување, или за редовна или затезна камата.

Ред 30. **Краткорочни обврски – од финансирање** (со рок на довтасување до една година): во овој ред известувачот ја впишува вредноста на добиените краткорочни позајмици од нерезидентот-сопственик.

Ред 31. **Краткорочни обврски – од работењето:** известувачот ги впишува краткорочните обврски кон нерезидентот-сопственик кога тој се јавува како добавувач, како и примените краткорочни комерцијални кредити, аванси и гаранции.

Ред 32. **Краткорочни обврски – од работењето за добивката распоредена за исплата:** известувачот ја впишува вредноста на уделот на нерезидентот во добивката, која по одлука на управниот орган е распоредена за исплата, но се уште не е исплатена.

Ред 33. **Краткорочни обврски – останато:** известувачот ги впишува останатите краткорочни обврски кон нерезидентот-сопственик, кои не може да ги распореди во претходните редови.

Ред 34. **Краткорочни камати:** известувачот ја впишува каматата на сите краткорочни обврски кон поврзаното друштво. Известувачот, обврските врз основа на камата, не ги вклучува кај обврските по кои настанале во ред од 30 до 33, туку во целост ги прикажува во ред 34. Притоа, не е важно дали се однесува за пресметаната камата на денот на позајмување, или за редовна или затезна камата.

18. Ова-упатство влегува во сила со денот на влегувањето во сила на Одлуката за задолжително известување за работење на поврзани субјекти врз основа на вложувања во и од странство.

Гувернер,
**Љубе Трпески,** с. р.

**Образец ДИ 17**
**вложување во странство**

**Известувач:**____________________ Матичен број: ☐☐☐☐☐☐☐

Организационен облик по ЗТД: ☐☐☐☐☐

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОМЕТОТ НА ПОВРЗАНИТЕ СУБЈЕКТИ

Состојба на ден | 3 | 1 | 1 | 2 | | | | |

Вид на вложување:

11/1-влог во постојно друштво
11/2-влог во ново друштво
11/3-влог во недвижности
11/4-друштво во основање
11/5-вложувања кои не се прикажани во билансите
11/6-филијали во странство
11/7-друштво во стечај

Странски партнер:____________________ Држава: ☐☐☐

Евиденционен/регистарски број:__________ Валута на известување: ☐☐☐

**А. Состојба на вложувањата во странство**

| | | претходна година | тековна година |
|---|---|---|---|
| 1 | **Вредност на уделот во вкупниот капитал (3+4+5+6+7-8+/-9+10-11)** | | |
| 2 | запишан основен капитал (3+4) | | |
| 3 | -уплатен основен капитал | | |
| 4 | -неуплатен запишан капитал | | |
| 5 | уплатен вишок на капитал | | |
| 6 | резерви | | |
| 7 | пренесена нето добивка од предходините години | | |
| 8 | пренесена загуба од предходните години | | |
| 9 | ревалоризација на капиталот | | |
| 10 | нераспределена нето добивка од тековната година | | |
| 11 | загуба од работењето во тековната година | | |
| 12 | процентуално учество во вкупниот капитал | % | % |

**Б. Нето добивка / загуба од работењето во тековната година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | нето добивка/загуба на претпријатието | | |
| 14 | вредност на уделот на нерезидентот во вкупната добивка/загуба | | |
| 15 | исплатена добивка | | |

**В. Вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот во капиталот**

| шифра | опис | износ |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Образец ДИ 11**
**вложување во странство**

**Известувач:**______________________ Матичен број: ☐☐☐☐☐☐☐

Организационен облик по ЗТД: ☐☐☐☐☐

Странски партнер:______________________ Држава: ☐☐☐

Евиденционен/регистарски број:______________ **Валута на известување:** ☐☐☐

## Г. Состојба на побарувањата и обврските од тековното работење со поврзаното друштво

| | | 31.12 претходна година | должи | побарува | 31.12 тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | **Вкупни побарувања ( 17 до 20 + 21 до 25)** | | | | |
| 17 | Долгорочни: а) од финансирање | | | | |
| 18 | б) од работењето | | | | |
| 19 | в) останати побарувања | | | | |
| 20 | г) камати | | | | |
| 21 | Краткорочн а) од финансирање | | | | |
| 22 | б) од работењето, дадени аванси и гаранции | | | | |
| 23 | в) од работењето - за добивката распоредена за исплата | | | | |
| 24 | г) останати побарувања | | | | |
| 25 | д) камати | | | | |
| 26 | **Вкупни обврски ( 27 до 30 + 31 до 34)** | | | | |
| 27 | Долгорочни: а) од финансирање | | | | |
| 28 | б) од работењето | | | | |
| 29 | в) останати обврски | | | | |
| 30 | г) камати | | | | |
| 31 | Краткорочн а) од финансирање | | | | |
| 32 | б) од работењето, примени аванси и гаранции | | | | |
| 33 | в) останати обврски | | | | |
| 34 | г) камати | | | | |

**Напомени:**

1. Година на прво вложување на капитал ____________
2. Број на вработени на крајот на извештајната година __________
3. Главна причина за вложувањето
   а) работна сила б)даночен систем в) пазарни погодности г) сигурност на вложувањето
   д) останато ____________________

Име на одговорно лице:________________

Составувач на извештајот:______________ Телефон на известувачот:____________

Место и датум:____________________ Телефон на сметководителот:__________

Печат и потпис

**Образец ДИ 22**
**вложување од странство**

**Известувач:**________________________ Матичен број: ☐☐☐☐☐☐☐

Организационен облик по ЗТД: ☐☐☐☐☐

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОМЕТОТ НА ПОВРЗАНИТЕ СУБЈЕКТИ

Состојба на ден: | 3 | 1 | 1 | 2 | | | | |

Вид на сопственичко друштво:
22/1-влог во постојно друштво
22/2-влог во ново друштво
22/3-филијала
22/4-заводи и фондации

Странски партнер:________________________ Држава: ☐☐☐

Евиденционен/регистарски број:________________________ Валута на известување: ☐☐☐

### А. Состојба на вложувањата на нерезидентите во Република Македонија

| | | претходна година | тековна година |
|---|---|---|---|
| 1 | **Вредност на уделот во вкупниот капитал (3+4+5+6+7-8+/-9+10-11)** | | |
| 2 | запишан основен капитал (3+4) | | |
| 3 | -уплатен основен капитал | | |
| 4 | -неплатен запишан капитал | | |
| 5 | уплатен вишок на капитал | | |
| 6 | резерви | | |
| 7 | пренесена нето добивка од предходините години | | |
| 8 | пренесена загуба од предходните години | | |
| 9 | ревалоризација на капиталот | | |
| 10 | нераспределена нето добивка од тековната година | | |
| 11 | загуба од работењето во тековната година | | |
| 12 | процентуално учество во вкупниот капитал | % | % |

### Б. Нето добивка / загуба од работењето во тековната година

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | нето добивка/загуба на претпријатието | | |
| 14 | вредност на уделот на нерезидентот во вкупната добивка/загуба | | |
| 15 | исплатена добивка | | |

### В. Вид на зголемување/намалување на вредноста на уделот во капиталот

| шифра | опис | износ |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Образец ДИ 22**
**вложување од странство**

**Известувач:**____________________________ Матичен број: ☐☐☐☐☐☐☐

Организационен облик по ЗТД: ☐☐☐☐☐

Странски партнер:____________________________ Држава: ☐☐☐

Евиденционен/регистарски број:________________ Валута на известување: ☐☐☐

## Г. Состојба на побарувањата и обврските од тековното работење со поврзаното друштво

| | | 31.12 претходна година | должи | побарува | 31.12 тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | **Вкупни побарувања ( 17 до 20 + 21 до 24)** | | | | |
| 17 | Долгорочни: а) од финансирање | | | | |
| 18 | б) од работењето | | | | |
| 19 | в) останати побарувања | | | | |
| 20 | г) камати | | | | |
| 21 | Краткорочни: а) од финансирање | | | | |
| 22 | б) од работењето, дадени аванси и гаранции | | | | |
| 23 | г) останати побарувања | | | | |
| 24 | д) камати | | | | |
| 25 | **Вкупни обврски ( 26 до 29 + 30 до 34)** | | | | |
| 26 | Долгорочни: а) од финансирање | | | | |
| 27 | б) од работењето | | | | |
| 28 | в) останати обврски | | | | |
| 29 | г) камати | | | | |
| 30 | Краткорочни: а) од финансирање | | | | |
| 31 | б) од работењето, примени аванси и гаранции | | | | |
| 32 | в) од работењето - за добивката распоредена за исплата | | | | |
| 33 | в) останати обврски | | | | |
| 34 | г) камати | | | | |

**Напомени:**

1. Година на прво вложување на капитал ______________
2. Број на вработени на крајот на извештајната година ____________
3. Главна причина за вложувањето
   а) работна сила б)даночен систем в) пазарни погодности г) сигурност на вложувањето
   д) останато __________________________

Име на одговорно лице:____________________

Составувач на извештајот:____________________ Телефон на известувачот:______________

Место и датум:__________________________ Телефон на сметководителот:____________

**Печат и потпис**

Прилог бр 1

ШИФРИ НА ЗЕМЈИ

| шифра | ISO cod | ЗЕМЈА |
|---|---|---|
| AD | 020 | АНДОРА |
| AE | 784 | ОБЕДИНЕТИ АРАПСКИ ЕМИРАТИ |
| AF | 004 | АВГАНИСТАН |
| AG | 028 | АНТИГВА И БАРБУДА |
| AI | 660 | АНГВИЛА |
| AL | 008 | АЛБАНИЈА |
| AM | 051 | ЕРМЕНИЈА |
| AN | 532 | ХОЛАНДСКИ АНТИЛИ |
| AO | 024 | АНГОЛА |
| AQ | 010 | АНТАРТИК |
| AR | 032 | АРГЕНТИНА |
| AS | 016 | АМЕРИКАНСКА САМОА |
| AT | 040 | АВСТРИЈА |
| AU | 036 | АВСТРАЛИЈА |
| AW | 533 | АРУБА |
| AZ | 031 | АЗЕРБЕЏАН |
| BA | 070 | БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА |
| BB | 052 | БАРБАДОС |
| BD | 050 | БАНГЛАДЕШ |
| BE | 056 | БЕЛГИЈА |
| BF | 854 | БУРКИНА ФАСО |
| BG | 100 | БУГАРИЈА |
| BH | 048 | БАХРЕИН |
| BI | 108 | БУРУНДИ |
| BJ | 204 | БЕНИН |
| BM | 060 | БЕРМУДИ |
| BN | 096 | БРУНЕЈ |
| BO | 068 | БОЛИВИЈА |
| BR | 076 | БРАЗИЛ |
| BS | 044 | БАХАМИ |
| BT | 064 | БУТАН |
| BV | 074 | БУВЕ |
| BW | 072 | БОЦВАНА |
| BY | 112 | БЕЛОРУСИЈА |
| BZ | 084 | БЕЛИЗЕ |
| CA | 124 | КАНАДА |
| CC | 166 | КОКОСОВИ (КИЛИНГ) ОСТРОВИ |
| CF | 140 | ЦЕНТРАЛНО АФРИКАНСКА РЕПУБЛИКА |
| CG | 178 | КОНГО |
| CH | 756 | ШВАЈЦАРИЈА |
| CI | 384 | БРЕГОТ НА СЛОНОВАТА КОСКА |
| CK | 184 | КУКОВИ ОСТРОВИ |
| CL | 152 | ЧИЛЕ |
| CM | 120 | КАМЕРУН |
| CN | 156 | КИНА |
| CO | 170 | КОЛУМБИЈА |
| CR | 188 | КОСТАРИКА |
| CU | 192 | КУБА |
| CV | 132 | ЗЕЛЕНОРОТСКИ ОСТРОВИ |
| CX | 162 | БОЖИКЕН ОСТРОВ |
| CY | 196 | КИПАР |
| CZ | 200 | ЧЕШКА |
| DE | 280 | РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА |
| DJ | 262 | ЏИБУТИ |
| DK | 208 | ДАНСКА |
| DM | 212 | ДОМНИКА |
| DO | 214 | ДОМИНИКАНСКА РЕПУБЛИКА |
| DZ | 012 | АЛЖИР |
| EC | 218 | ЕКВАДОР |
| EE | 233 | ЕСТОНИЈА |
| EG | 818 | ЕГИПЕТ |
| EH | 732 | ЗАПАДНА САХАРА |
| ES | 724 | ШПАНИЈА |
| ET | 230 | ЕТИОПИЈА |
| FI | 246 | ФИНСКА |
| FJ | 242 | ФИЏИ |
| FK | 238 | ФОКЛАНДСКИ ОСТРОВИ |
| FM | 583 | МИКРОНЕЗИЈА |
| FO | 234 | ФАРСКИ ОСТРОВИ |
| FR | 250 | ФРАНЦИЈА |
| GA | 266 | ГАБОН |
| GB | 826 | ВЕЛИКА БРИТАНИЈА |
| GD | 308 | ГРЕНАДА |
| GE | 268 | ГРУЗИЈА |
| GF | 254 | ФРАНЦУСКА ГВАЈАНА |
| GH | 288 | ГАНА |
| GI | 292 | ГИБЛАРТАР |
| GL | 304 | ГРЕНЛАНД |
| GM | 270 | ГАМБИЈА |
| GN | 324 | ГВИНЕЈА |
| GP | 312 | ГВАДЕЛУП |
| GQ | 226 | ЕКВАТОРИЈАЛНА ГВИНРЈА |
| GR | 300 | ГРЦИЈА |
| GT | 320 | ГВАТЕМАЛА |
| GU | 316 | ГУАМ |
| GW | 624 | ГВИНЕЈА БИСАО |
| GY | 328 | ГВАЈАНА |
| HK | 344 | ХОНГ КОНГ |
| HM | 334 | ХЕРД И МЕКДОЛАНД ОСТРОВИ |
| HN | 340 | ХОНДУРАС |
| HR | 191 | ХРВАТСКА |
| HT | 332 | ХАИТИ |
| HU | 348 | УНГАРИЈА |
| ID | 360 | ИНДОНЕЗИЈА |
| IE | 372 | ИРСКА |
| IL | 376 | ИЗРАЕЛ |
| IN | 356 | ИНДИЈА |
| IO | 086 | БРИТАНСКА ТЕРИТОРИЈА НА ИНД.ОК |
| IQ | 368 | ИРАК |
| IR | 364 | ИРАН |
| IS | 352 | ИСЛАНД |
| IT | 380 | ИТАЛИЈА |
| JM | 388 | ЈАМАЈКА |
| JO | 400 | ЈОРДАН |
| JP | 392 | ЈАПОНИЈА |
| JT | 396 | ЏОНСТОН ОСТРОВ |
| KE | 404 | КЕНИЈА |
| KG | 417 | КИРГИСТАН |
| KH | 116 | КАМПУЧИЈА (КАМБОЏА) |
| KI | 296 | КИРИБАТИ |
| KM | 174 | КОМОРСКИ ОСТРОВИ |
| KN | 659 | СЕНТ КРИСТОФЕР И НЕВИС |
| KP | 408 | СЕВЕРНА КОРЕЈА |
| KR | 410 | ЈУЖНА КОРЕЈА |
| KW | 414 | КУВАЈТ |
| KY | 136 | КАЈМАНСКИ ОСТРОВИ |
| KZ | 398 | КАЗАКСТАН |
| LA | 418 | ЛАОС |
| LB | 422 | ЛИБАН |
| LC | 662 | СЕНТ ЛУСИЈА |
| LI | 438 | ЛИХТЕНШТАЈН |
| LK | 144 | ШРИ ЛАНКА |
| LR | 430 | ЛИБЕРИЈА |
| LS | 426 | ЛЕСОТО |
| LT | 440 | ЛИТВАНИЈА |
| LU | 442 | ЛУКСЕМБУРГ |
| LV | 428 | ЛАТВИЈА |
| LY | 434 | ЛИБИСКА АРАПСКА ЏАМАХИРИЈА |
| MA | 504 | МАРОКО |
| MC | 492 | МОНАКО |
| MD | 498 | МОЛДАВИЈА |
| MG | 450 | МАДАГАСКАР |
| MH | 584 | МАРШАЛСКИ ОСТРОВИ |
| MI | 488 | МИДВЕЈСКИ ОСТРОВИ |
| MK | 807 | МАКЕДОНИЈА |
| ML | 466 | МАЛИ |
| MM | 104 | МАЈНМАР (БУРМА) |
| MN | 496 | МОНГОЛИЈА |
| MO | 446 | МАКАО |
| MQ | 474 | МАРТИНИК |
| MR | 478 | МАВРИТАНИЈА |
| MS | 500 | МОНСЕРАТ |
| MT | 470 | МАЛТА |
| MU | 480 | МАВРИЦИУС |
| MV | 462 | МАЛДИВИ |
| MW | 454 | МАЛАВИ |
| MX | 484 | МЕКСИКО |
| MY | 458 | МАЛЕЗИЈА |
| MZ | 508 | МОЗАНБИК |
| NA | 516 | НАМИБИЈА |
| NC | 540 | НОВА КАЛЕДОНИЈА |
| NE | 562 | НИГЕР |
| NF | 574 | НОРФОЛК ОСТРОВО |
| NG | 566 | НИГЕРИЈА |
| NI | 558 | НИКАРАГВА |
| NL | 528 | ХОЛАНДИЈА |
| NO | 578 | НОРВЕШКА |
| NP | 524 | НЕПАЛ |
| NR | 520 | НАУРУ |
| NU | 570 | НИУЕ |
| NZ | 554 | НОВ ЗЕЛАНД |
| OM | 512 | ОМАН |
| PA | 590 | ПАНАМА |
| PE | 604 | ПЕРУ |
| PF | 258 | ФРАНЦУСКА ПОЛИНЕЗИЈА |
| PG | 598 | ПАПУА НОВА ГВИНЕЈА |
| PH | 608 | ФИЛИПИНИ |
| PK | 586 | ПАКИСТАН |
| PL | 616 | ПОЛСКА |
| PM | 666 | СЕН ПЈЕР И МИКЕЛОН |
| PN | 612 | ПИТКЕРН ОСТРОВ |
| PR | 630 | ПОРТОРИКА |
| PT | 620 | ПОРТУГАЛИЈА |
| PW | 582 | ПАЦИФИЧКИ ОСТРОВИ |
| PY | 600 | ПАРАГВАЈ |
| QA | 634 | КАТАР |
| RE | 638 | РЕИНИОМ |
| RO | 642 | РУМУНИЈА |
| RU | 643 | РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА-РУСИЈА |
| RW | 646 | РУАНДА |
| SA | 682 | САУДИСКА АРАБИЈА |
| SB | 090 | СОЛОМОНСКИ ОСТРОВИ |
| SC | 690 | СЕЈШЕЛСКИ ОСТРОВИ |
| SD | 736 | СУДАН |
| SE | 752 | ШВЕДСКА |
| SG | 702 | СИНГАПУР |
| SH | 654 | СВЕТА ЕЛЕНА |
| SI | 705 | СЛОВЕНИЈА |
| SJ | 744 | СВАЛ БАРД И ЈАН МАЈЕН ОСТРОВИ |
| SK | 902 | СЛОВАЧКА |
| SL | 694 | СИЕРА ЛЕОНЕ |
| SM | 674 | САН МАРИНО |
| SN | 686 | СЕНЕГАЛ |
| SO | 706 | СОМАЛИЈА |
| SR | 740 | СУРИНАН |
| ST | 678 | САО ТОМА И ПРИНЦИПИ |
| SV | 222 | ЕЛ САЛВАДОР |
| SY | 760 | СИРИЈА |
| SZ | 748 | СВАЗИЛАНТ |
| TC | 796 | ТУРКИС И КАИКОС |
| TD | 148 | ЧАД |
| TG | 768 | ТОГО |
| TH | 764 | ТАЈЛАНД |
| TJ | 762 | ТАЏИКИСТАН |
| TK | 772 | ТОКЕЛАУ |
| TM | 795 | ТУРМЕНИСТАН |
| TN | 788 | ТУНИС |
| TO | 776 | ТОНГА |
| TP | 626 | ИСТОЧНИ ТИМОР |
| TR | 792 | ТУРЦИЈА |
| TT | 780 | ТРИНИДАД И ТОБАГО |
| TV | 798 | ТУВАЛУ |
| TW | 158 | ТАЈВАН |
| TZ | 834 | ТАНЗАНИЈА |
| UA | 804 | УКРАИНА |
| UG | 800 | УГАНДА |
| US | 840 | САД |
| UY | 858 | УРУГВАЈ |
| UZ | 860 | УЗБЕКИСТАН |
| VA | 336 | ВАТИКАН-СВЕТА СТОЛИЦА |
| VC | 670 | СЕНТ ВИНСЕНТ И ГРЕНАДИНИ |
| VE | 862 | ВЕНЕЦУЕЛА |
| VG | 092 | БРИТАНСКИ ДЕВСТВЕНИ ОСТРОВИ |
| VI | 850 | ДЕВСТВЕНИ ОСТРОВИ НА ОБЕДИНЕТИ ДРЖАВИ |
| VN | 704 | ВИЕТНАМ |
| VU | 548 | ВАНУАТУ |

| | | |
|---|---|---|
| WF | 876 | ВОЛИС И ФОРТУНА ОСТРОВИ |
| WK | 872 | ВЕЈК ОСТРОВ |
| WS | 882 | САМОА |
| YE | 886 | НДР ЈЕМЕН |
| YU | 890 | ЈУГОСЛАВИЈА |
| ZA | 710 | ЈУЖНА АФРИКА |
| ZM | 894 | ЗАМБИЈА |
| ZR | 180 | ЗАИР |
| ZW | 716 | ЗИМБАБВЕ |

Прилог бр 2

**ШИФРИ НА ВАЛУТИ**

| ШИФРА | ISO COD | ВАЛУТА |
|---|---|---|
| ATS | 040 | АВСТРИСКИ ШИЛИНГ |
| AUD | 036 | АВСТРАЛИСКИ ДОЛАР |
| BEF | 056 | БЕЛГИСКИ ФРАНАК |
| CAD | 124 | КАНАДСКИ ДОЛАР |
| CHF | 756 | ШВАЈЦАРСКИ ФРАНАК |
| DEM | 280 | ГЕРМАНСКА МАРКА |
| DKK | 208 | ДАНСКА КРУНА |
| ESP | 724 | ШПАНСКА ПЕЗЕТА |
| FIM | 246 | ФИНСКА МАРКА |
| FRF | 250 | ФРАНЦУСКИ ФРАНАК |
| GBP | 826 | ФУНТА СТЕРЛИНГ |
| GRD | 300 | ДРАХМА ГРЧКА |
| IEP | 372 | ИРСКА ФУНТА |
| ITL | 380 | ИТАЛИЈАНСКА ЛИРА |
| JPY | 392 | ЈАПОНСКИ ЈЕН |
| NLG | 528 | ХОЛАНДСКИ ГУЛДЕН |
| NOK | 578 | НОРВЕШКА КРУНА |
| PTE | 620 | ПОРТУГАЛСКИ ЕСКУДО |
| SEK | 752 | ШВЕДСКА КРУНА |
| USD | 840 | АМЕРИКАНСКИ ДОЛАРИ |
| MKD | 807 | МАКЕДОНСКИ ДЕНАР |
| SDR | 960 | СПЕЦИЈАЛНО ПРАВО НА ВЛЕЧЕЊЕ ( S D R.) |
| EUR | 978 | ЕВРО |

Прилог бр.3

## Шифри на трансакции за образец ДИ-11 вложување во странство

| + - | шифра на основ | Опис на трансакција |
|---|---|---|
| + | 112 | извоз на стоки како капитален влог/удел (платен влог/удел во стока: основни средства, суровини, репроматеријали итн.) |
| + | 115 | стоки, кои не ја поминале границата како капитален влог/удел |
| + | 266 | истражување и развој-проекти и елаборати како учество во капитал, архитектонски, инжињериски и други договорни технички услуги и како учество во капитал |
| + | 255 | патенти, лиценци и други нематеријални и нефинансиски средства како влог во капитал |
| + | 515 | вложување на домашен паричен капитал како влог или удел во странски друштва и банки, вложување во акции на странски друштва и банки |
| + | 516 | уплатен вишок на основен капитал |
| + | 520 | зголемување на основниот капитал на друштвото за запишан, а сеуште неуплатен вишок на капитал |
| + | 517 | уплата на вишок на капитал, кој не го зголемува основниот капитал на друштвото заради разлика помеѓу номиналната и пазарната вредност на акциите |
| - | 518 | вратен капитален влог/удел на резиденти од странски друштва и банки, намалување на учеството на резидентот во капиталот на странските друштва и банки |
| + | 333 | зголемување на вкупниот капитал за добивката од тековната година распределена (реивестирана) во основен капитал |
| + | 335 | зголемување на вкупниот капитал за добивката од тековната година распределена во резерви |
| + | 336 | зголемување на вкупниот капитал за нераспределената добивка од тековната година |
| + | 337 | зголемување на вкупниот капитал за добивката од тековната година со која е покриена загуба од претходните години |
| + - | 901 | зголемување/намалување на вкупниот капитал, односно вложувања за ревалоризациска исправка на капиталот, без разлика дали настанале од промени во курсевите на странските валути |
| - | 521 | намалување на вкупниот капитал за непокриената загуба од тековната година |
| + | 540 | зголемување на вкупниот капитал со претворање на загубата во обврска на резидентот кон матичното друштво |

| | | |
|---|---|---|
| - | 526 | намалување на капиталниот влог/удел на резидентот во странско друштво поради трансфер во земјата на дивиденда и други исплатени добивки од претходните години |
| - | 534 | намалување на вкупниот капитал за добивката од претходните години претворена во финансиски кредит |
| - | 535 | намалување на вкупниот капитал за добивката од претходните години со претворање во побарување на резидентот од матичното друштво |
| - | 541 | намалување на капиталниот влог/удел заради отпис на обврските |
| - | 527 | намалување на вкупниот капитал односно влогот за уделот на добивката од претходните години исплатена на несопственици (бруто-плати) |
| + | 536 | претворање на долгорочните финансиски кредити во капитал на истото претпријатие |
| + | 537 | претворање на долгорочните комерцијални кредити во капитал на истото претпријатие |
| + | 538 | претворање на краткорочни финансиски кредити во капитал на истото претпријатие |
| + | 539 | претворање на краткорочни комерцијални кредити во капитал на истото претпријатие |
| - | 902 | отпис на капиталот, односно уделот (ликвидација, стечај ) |
| + - | 519 | прилив/одлив од стечајна маса или по судски пат |
| + - | 903 | пренос на капитален влог/удел помеѓу двајца резиденти |
| + | 513 | зголемување на влогот/уделот на резидентот во странското друштво со откуп на влог/удел од друг нерезидент |
| - | 514 | намалување на влогот/уделот на резидентот во странското друштво со продажба на уделот на нерезидентот |
| + - | 440 | бесплатен пренос на уделот помеѓу резиденти и нерезиденти |
| + - | 904 | промена на статусот резидент-нерезидент |

Прилог бр.4

## Шифри на трансакции за образец ДИ-22 вложување од странство

| + - | шифра на основ | Опис на трансакции |
|---|---|---|
| + | 112 | увоз на стоки како капитален влог/удел (платен влог/удел во стока: основни средства, суровини репроматеријали итн.) |
| + | 115 | стоки, кои не ја поминале границата како капитален влог/удел |
| + | 266 | истражување и развој-проекти и елаборати како учество во капитал, архитектонски, инжињериски и други договорни технички услуги и како учество во капитал |
| + | 255 | патенти, лиценци и други наматеријални и нефинансиски средства како влог во капитал |
| + | 515 | вложување на странски паричен капитал како влог или удел во домашни друштва и банки, вложување во акции на домашни друштва и банки |
| + | 516 | уплатен вишок на основен капитал |
| + | 520 | зголемување на основниот капитал на друштвото за запишан, а сеуште неуплатен вишок на капитал |
| + | 517 | уплата на вишок на капитал, кој не го зголемува основниот капитал на друштвото заради разлика помеѓу номиналната и пазарната вредност на акциите |

| | | |
|---|---|---|
| - | 518 | вратен капитален влог/удел на нерезиденти од домашни друштва и банки, намалување на учеството на нерезидентот во капиталот на домашните друштва и банки |
| + | 333 | зголемување на вкупниот капитал за добивката од тековната година распределена (реивестирана) во основен капитал |
| + | 335 | зголемување на вкупниот капитал за добивката од тековната година распределена во резерви |
| + | 336 | зголемување на вкупниот капитал за нераспределената добивка од тековната година |
| + | 337 | зголемување на вкупниот капитал за добивката од тековната година со која е покриена загуба од претходните години |
| + - | 901 | зголемување/намалување на вкупниот капитал, односно вложувања за ревалоризациска исправка на капиталот, без разлика дали настанале од промени во курсевите на странските валути |
| - | 521 | намалување на вкупниот капитал за непокриената загуба од тековната година |
| + | 540 | зголемување на вкупниот капитал со претворање на загубата во побарување на матичното друштво од нерезидентот |
| - | 526 | намалување на вкупниот капитал на друштвото поради трансфер во државата на нерезидентот на добивката и дивидендата од претходните години од капитално вложување во земјата |
| - | 528 | намалување на вкупниот капитал за давачките од трансфер на добивка исплатена на сопственикот нерезидент |
| - | 534 | намалување на вкупниот капитал за добивката од претходните години претворена во финансиски кредит |
| - | 535 | намалување на вкупниот капитал за добивката од претходните години со претворање во обврска на матичното друштво кон нерезидентот |
| - | 541 | намалување на капиталниот влог/удел заради отпис на обврските |
| - | 527 | намалување на вкупниот капитал односно влогот за уделот на добивката од претходните години исплатена на несопственици (бруто-плати) |
| + | 536 | претворање на долгорочните финансиски кредити во капитал на истото претпријатие |
| + | 537 | претворање на долгорочните комерцијални кредити во капитал на истото претпријатие |
| + | 538 | претворање на краткорочни финансиски кредити во капитал на истото претпријатие |
| + | 539 | претворање на краткорочни комерцијални кредити во капитал на истото претпријатие |
| - | 902 | отпис на капиталот, односно уделот (ликвидација, стечај ) |
| + - | 519 | прилив/одлив од стечајна маса или по судски пат |
| + - | 903 | пренос на капитален влог/удел помеѓу двајца нерезиденти |
| + - | 513 | зголемување на влогот/уделот на нерезидентот во домашното друштво со откуп на влог/удел од друг резидент |
| - | 514 | намалување на влогот/уделот на нерезидентот во домашното друштво со продажба на уделот на резидентот |
| + - | 440 | бесплатен пренос на уделот помеѓу резиденти и нерезиденти |
| + - | 904 | промена на статусот резидент- нерезидент |
| + | 550 | стекнато учество во домашно друштво по пат на приватизација |

**147.**

Врз основа на член 116, алинеја 1, а во врска со член 106 и 109 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/98), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СЛЕДЕЊЕ НА НАНОСОТ ВО АКУМУЛАЦИИТЕ

Член 1

Со овој правилник поблиску се уредува начинот на следењето на наносот во акумулациите што го воспоставуваат и вршат јавното водостопанско претпријатие или другите правни лица кои управуваат со брани и акумулации (во натамошниот текст: претпријатија).

Член 2

Следењето на наносот се врши со постојани и вонредни мерења како и со стручно анализирање на резултатите од мерењата.

Постојаните мерења се редовните мерења на вкупниот нанос задржан во акумулацијата. Постојаните мерења се вршат според претходно изготвен Елаборат од страна на претпријатието.

Елаборатот од став 2 на овој член содржи·

- попречни профили снимени на терен во зоната на акумулацијата, во речното корито возводно од горниот дел на акумулацијата и на непосредните утоки во акумулацијата, внесени во геодетска ситуација;
- надолжен профил на речното корито во должина од браната до последниот попречен профил до кој се мери наносот; и
- оперативна програма за следење на наносот со основни карактеристики на сливното подрачје возводно од браната, оценка за ерозивноста на сливното подрачје, време меѓу две мерења, податоци за следење на дотекот на водите во акумулацијата, обем на извршување на анализи на гранулометрискиот состав на наносот, време на рекогносцирање на ерозивните терени возводно од браната и други констатации и забелешки битни за следењето на наносот.

Вонредни мерења на наносот во акумулациите се оние кои не се предвидени со Елаборатот, а се вршат кога во акумулацијата дотекла поголема вода од 10-годишната голема вода, како и при појави на свлечишта и слични земјени одрони во сливот возводно од браната кои ќе создадат продукција на нанос поголема од средногодишниот нанос во акумулацијата.

Член 3

Не се следи наносот во акумулациите во кои според податоците во Водостопанската основа на Република Македонија или со друга техничка документација е утврдено дека продукцијата на нанос во сливот возводно од браната е помал од 100 $м^3/км^2$.

Ако резултатите од првите најмалку две мерења покажат дека средногодишниот нанос во акумулацијата е помал од 0,3% од вкупната зафатнина на акумулацијата (до нивото на нормалниот успор) или ако тој нанос е помал од 100 $м^3/км^2$ во сливот возводно од браната, престанува редовното мерење на наносот.

Редовно следење на наносот во акумулацијата нема да се врши ако непосредно возводно од неа се изгради нова брана.

Член 4

Мерењата на наносот од член 2 на овој правилник се вршат на постојани попречни профили, поставени по должината на акумулациониот простор.

Бројот на попречните профили и растојанието меѓу нив се утврдуваат зависно од топографските карактеристики на акумулациониот простор и крајбрежието.

Попречни профили се утврдуваат и на утоките во акумулацијата.

Член 5

Редовното мерење на наносот се врши најмалку еднаш во пет години.

Член 6

За стручното анализирање на наносот во акумулациите се врши и испитување на гранулометрискиот состав на наносот.

Гранулометрискиот состав на наносот се утврдува со земање мостри.

Мострите на наносот се земаат на профилите долж акумулацијата, од вливовите на утоките и во горниот дел на акумулацијата кога се вршат мерењата на наносот. Профилите од кои ќе се земаат мострите се определуваат со Елаборатот од член 2 на овој правилник.

Член 7

За утврдената состојба по секое редовно и вонредно мерење на наносот во акумулациите се изработува извештај со предлог мерки.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12-236/1
14 јануари 1999 година
Скопје

Министер,
**Владимир Џабирски**, с.р.

---

Врз основа на член 13 став 4 од Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на РМ" бр. 59/96 и 25/98), Нотарската комора на Република Македонија, на 25.01.1999 година донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИСПРАВКА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДАТУМОТ НА ПОЧЕТОКОТ СО РАБОТА НА НОТАРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се врши исправка во Решението за определување на датумот на почеток со работа на нотарите во Република Македонија, бр. 13-1/99 од 11 јануари 1999 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија" бр. 1 од 13 јануари 1999 година, така што во ставот 5 од точка 1, зборот „Неготино" се заменува со зборот „Куманово".
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-2/99
25 јануари 1999 година
Скопје

Нотарска комора
на Република Македонија,
Претседател,
**Зорица Пулејкова**, с. р.

---

Во Правилникот за начинот и постапката за издавање и одземање на лиценца за работа („Службен весник на РМ" бр. 34/98) се врши следната

## ИСПРАВКА

Во член 3, став 2, да се бришат зборовите: „Република Македонија", и во истиот став во ред 6-ти зборовите: „за вршење на здравствена докторска дејност" да се заменат со зборовите: „општа лекарска практика".

Претседател
на Лекарската комора на Македонија,
проф. д-р **Алексеј Дума**, с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I Скопје поведена е постапка за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителот Лидија Смилчевска од Скопје со привремен престој во Минхен-Република Германија, против тужениот Душан Смилчевски, со непознато живеалиште

Со решение на Меѓуопштинскиот центар на општините на град Скопје бр.3020-694 од 27.10 1998 година на тужениот му е назначен привремен застапник-старател кој ќе ги штити неговите интереси, адвокатот Севда Ѓорѓиева од Скопје, ул "Црвена општина" бб

Се повикува тужениот да се јави во судот лично или преку полномошник во рок од 3о дена од објавувањето на огласот Доколку во овој рок тужениот или неговиот полномошник не се јават во судот неговите интереси во постапката ќе ги штити и ќе го застапува привремениот старател .

Од Основниот суд Скопје I -Скопје, XX.П бр 3о51/97

(1147)

Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Ирена Дузлевска - Костеска

Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на вклучување на младите во културно-забавно, еколошки, спортски и образовни активности, соработка со други сродни организации во земјата и странство, развој и унапредување на спортот како поле на афирмација на младите.

Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 15 01 1999 година

Од Основниот суд Скопје I - Скопје (759)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение З Г бр 77/98 од 11 01 1999 година го запиша во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации здружението со назив "МЛАДИ ЕВРОПЈАНИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ" со скратено име "МЕБ" со седиште во Скопје на бул "Гоце Делчев" б.б (Зграда на МРТВ)

Лице кое е овластено да го застапува здружението е неговиот претседател Љупчо Зиков од Штип.

Работата и активностите на здружението ќе се однесуваат на градење форум за дијалог помеѓу граѓаните на Република Македонија во функција на градење цивилни и цивилизациски ставови за македонската култура, социјална и економска посебност во Европа како спој од различни етнички, социјални и верски идентитети како и да го промовира европскиот идентитет во Република Македонија посебно во сферата на безбедноста како мултидимензионален процес

Здружението на граѓани стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 11 01.1999 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје (761)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје со решение II Рег ЗГ бр 44/98 од 30 12 1998 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани "ЛАЈОНС КЛУБ" Скопје од Скопје

Седиштето на здружението на граѓани "ЛАЈОНС КЛУБ" е на ул "Венијамин Мачуковски" бр 6, Скопје, а просторот на делување на клубот е Република Македонија

Целите на Здружението на граѓани "ЛАЈОНС КЛУБ" Скопје од Скопје се со пријателско дружење на граѓаните од разни професии да го развива и унапредува меѓусебното разбирање и почитување, да се залага за слобода на човекот и духот, за културен социјален и општ развој на општеството, за слободно стопанство и за доследно почитување на законите; да утврдува етнички правила што произлегуваат од меѓусебното почитување, да ја зацврстува независноста и самостојноста во професионалниот и приватниот живот и да се залага за почитување на човековите права; да дејствува во општа полза, добронамерно и непрофитно Меѓу останатото да посветува особено внимание на старите, изнемоштените и болните лица, за заштита на децата, младината и семејството Во рамките на своите можности и со ангажирање на своите членови да учествува во грижата за науката, културата, воспитувањето и професионалното образование, здравството, екологијата итн, да се залага за продлабочување на пријателските односи помеѓу народите, за меѓусебен соживот на народите и народностите и за зачувување на траен мир

Здружението на граѓаните "ЛАЈОНС КЛУБ" Скопје од Скопје ќе го претставува, застапува и како овластен потписник на сметката на здружението ќе биде претседател на здружението д-р Лазар Лазаров од Скопје

Од Основниот суд Скопје II Скопје (685)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје со решение I Рег. бр 7/98 од 25 12 1998 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Сојузот на инвалиди на трудот на Република Македонија - Здружение на инвалиди на трудот - Чаир - Скопје, со седиште на ул "Павле Илиќ" б.б , барака 2, Скопје.

Здружението дејствува и се организира на територијата на општина Чаир - Скопје, а дејноста на Сојузот на инвалиди на трудот на инвалиди на Македонија - Здружение на инвалиди на трудот Чаир - Скопје се остварува преку реализација со својата програма за работа и акционата програма на Сојузот на инвалиди на трудот на РМ, а имено ја следи и ја согледува целокупната проблематика поврзана со квалификација, доквалификација, вработување, интеграција на инвалидите на трудот во Општината, ја разгледува и се грижи за напредување и спроведување на професионалната рехабилитација и вработувањето на инвалидите на трудот и ја разгледува и се грижи за подобрување на материјалната положба на инвалидите и на трудот и др цели и задачи кои се утврдени со Статутот на Здружението.

Сојузот на инвалидите на трудот на Република Македонија - Здружение на инвалиди на трудот од Чаир - Скопје ќе го претставува и застапува Здружението во правниот промет и према трети лица во јавноста овластеното лице Алил Шаќири од Скопје.

Од Основниот суд Скопје II Скопје (682)

---

Основниот суд во Кичево со решение З рег. бр. 3/99 од 14.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на телесно инвалидизирани лица на Кичево.

Здружението ги открива, евидентира и вклучува во Здружението телесно инвалидизираните лица, пружа помош на овие лица и нивните семејства во остварувањето на законските права, дејствува работи на планот на унапредувањето и усовршувањето на системот на рехабилитација, образование, вработување и заштита на своите членови, помага во снабдувањето на своите членови во снабдувањето со ортопедски помагала, санитетски средства и лекови, организирање одмор и рекреација на своите членови и културно забавни активности, спортски активности, врши информативна и издавачка дејност и друго.

Здружението е со седиште во Кичево на ул. "11 Октомври" б.б.

Здружението дејствува на територијата на град Кичево.

Здружението ќе го застапува и претставува Свето Василески.

Од Основниот суд во Кичево. (653)

---

Основниот суд во Кичево со решение З. Рег. бр. 15/98 од 22.12 1998 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Иницијативниот одбор за реализација и отворање на "Кнежинскиот Манастир" на општина Кичево.

Здружението ќе се грижи за археолошки ископување и истражување и превентивна конзервација на Археолошкиот локалитет на "Кнежинскиот Манастир", да ја развива и унапредува научно истражувачката мисла при црковна култура, да се грижи за обезбедување на материјална основа, да обезбеди извори за финансирање на програмата за археолошки ископувања.

Седиштето на здружението е во Кичево на ул. "Борис Кидрич" бр. 1.

Здружението дејствува во општина Кичево и пошироко.

Здружението ќе го застапува и претставува Душан Ристески.

Од Основниот суд во Кичево. (654)

---

Основниот суд во Кичево со решение З. рег. бр. 8/99 од 14.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша пререгистрирањето на Општинско матично културно уметничко друштво "НИКО ПУСОСКИ" од Кичево.

Здружението ќе ја развива, подобрува и наградува културно уметничката дејност, ќе ги негува традициите од нашето историско минато, ќе поттикнува сестран развој на личноста, ќе поттикнува и развива активности и манифестации од општ заеднички интерес, презентира и негува изворен и стилизиран фолклор, изградува и надградува остварување на фолклорот, музиката, драмата како уметнички творештва и друго.

Седиштето на здружението е во Кичево во Спомен дом на културата "Кочо Рацин".

Здружението дејствува на територијата на град Кичево.

Здружението ќе го застапуваат и претставуваат Стојан Стефаноски и Славе Ванкоски.

Од Основниот суд во Кичево. (655)

---

Основниот суд во Кичево со решение З. рег. бр. 10/98 од 11.12.1998 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша основањето - пререгистрирањето на Друштвото на математичари и информатичари - Кичево.

Здружението ќе се залага за помагање и обединување на работата на наставниците во врска со унапредување и популаризација на математиката и информатиката, ќе ги следи и проучува проблемите на наставата по математика и информатика, ќе дава придонес за стручно усовршување на наставниците, да ја збогатува стручната и научната литература, со издавање на стручно-методски трудови, ќе иницира решавање на поодделни проблеми од теоријата и практиката по математика, ќе ја популаризира математиката и информатиката, да го следи нивниот развој и организира натпревари по математика и информатика.

Седиштето на здружението е во Кичево на ул. "Санде Штерјоски" б.б.

Здружението ќе го застапува и претставува претседателот Борис Гаврилоски.

Од Основниот суд во Кичево. (656)

---

Основниот суд во Кичево со решение З. Рег. бр. 15/99 од 14 01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша пререгистрирањето на Планинарско спелеолошко друштво "Бистра" - Кичево.

Здружението се залага за активирање на своите членови и сите граѓани за престој и снаоѓање во природата, а посебно во планина. Да ги запознае своите членови за природните убавини на нашата земја, да развива љубов спрема планината, да работи за зближување и дружење на своите членови, да развива и негува натпреварувачки дух во рекреативните спортови, да го оспособува членството во специјални вештини на планинарството, да создава услови за припрема и организирање на високо горски експедиции и друго.

Седиштето на здружението е во Кичево на ул. "Маршал Тито" б.б.

Здружението дејствува на територијата на Република Македонија.

Здружението ќе го застапува и претставува Сашо Божиноски.

Од Основниот суд во Кичево. (657)

---

Основниот суд во Кичево со решение З. рег. бр. 7/99 од 14.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша пререгистрирањето на Авто мото друштво "КИЧЕВО" од Кичево.

Здружението ги собира автомобилистите, моторциклистите и другите граѓани, ги застапува интересите на членовите кои се потрошувачи и корисници на услуги од автомобилизмот, осигурувањето и туризмот, развива и негува меѓусебна солидарност помеѓу членови и другите учесници во сообраќајот, ја шири сообраќајно техничката култура, организира сообраќајно воспитно образование на децата и младите, го развива авто мото кампинг туризмот, го развива авто мото и картинг спортот, организира натпревари по автомобилизам и моторциклизам и друго.

Седиштето на здружението е во Кичево на ул. "Тане Целески" бр. 6.

Здружението дејствува на територијата на град Кичево.

Здружението ќе го застапува и претставува Тони Петрески.

Од Основниот суд во Кичево. (658)

---

Основниот суд во Тетово со решение Рег. згф. бр. 13/98 од 15.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Фудбалски клуб "Фљамуртари" од с. Г. Седларце - Тетово со скратено име ФК "Фљамуртари".

Лице овластено за застапување е Азис Сељами од с. Г.Седларце.

Работата и активноста на здружението - фудбалскиот клуб ќе се однесува на унапредување и омасовување на спортот во с. Г.Седларце и пошироко, ангажирање на младите на спортски план, соработка, размена, учество во фудбалски натпревари.

Подрачје на организација и дејствување на фудбалскиот клуб е територијата на Р.М.

Здружението на граѓаните стекнува својство на правно лице и може да почне со работа од 15.01.1999 година.

Од Основниот суд во Тетово. (662)

---

Основниот суд во Тетово со решение Рег. згф. бр. 12/99 од 16.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Фудбалски клуб "Шкендија-ХБ" - Тетово со скратено име ФК "Шкендија-ХБ", ул. "Т. Ц. Мерџан" б.б., Тетово.

Лице овластено за застапување е Синан Идризи од с. Д.Палчиште, Тетово.

Работата и активноста на здружението - фудбалскиот клуб ќе се однесува на поттикнување, омасовување, унапредување и развој на фудбалскиот спорт и организирање на активности во таа насока, учество во организираниот систем на натпревари и првенства.

Подрачје на организација и дејствување на фудбалскиот клуб е територијата на Р. Македонија.

Здружението на граѓаните стекнува својство на правно лице и може да почне со работа од 16.01.1999 година.

Од Основниот суд во Тетово. (663)

---

Основниот суд во Неготино со решение Рег. Згф. бр. 1/98 од 29.12.1998 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на возачи "Неготино" од Неготино.

Работата и активностите на Здружението на возачи "Неготино" од Неготино е вршење технички преглед на моторни и приклучни возила, организирање и вршење дејности кои се во интерес на членството и безбедноста во сообраќајот, развивање активности на планот на сообраќајната етика и морал кај сите учесници во сообраќајот, за дисциплинираност, солидарност, хуманост, организирање и спроведување разновидни форми на активности насочени на подигање на нивото на сообраќајната култура, кај возачите на моторни возила, подготвување на кандидати за возачи на моторни возила, од сите категории, вршење - давање автомеханичарски и авто- сервисни услуги на членството.

Седиштето на здружението е во Неготино на ул. "Индустриска" б.б. и ова здружение ќе делува во Неготино.

Лице овластено за застапување е Јанаќе Витановски од Неготино.

Од Основниот суд во Неготино (664)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег Згф. бр 25/98 од 11 01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани со дијабетес на Општина Прилеп, кое има за задача да се грижи за подобрување и информирање за здравствената состојба на граѓаните со дијабетес, информирање за научните и практични достигнувања во лекувањето на дијабетесот, овозможување услови за обезбедување на диетална храна на дијабетичарите и друго.

Седиштето на здружението е во Прилеп на ул. "Орде Чопела" бр 1.

Од Основниот суд во Прилеп. (665)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 32/98 од 12.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на тутунопроизводители "Пелагонија" - Тополчани кое ќе има за задача да се грижи за организирање на предавања, семинари и курсеви, остварување и изградување на единствена политика на тутунопроизводството, навремено снабдување на тутунопроизводителите со репро материјали и заштитни средства, воведување на најнови сорти на тутун, следење на најсовремените достигнувања во тутунопроизводството, развој и унапредување на примарното производство, организирање на форми и методи за демократско застапување на членството, учествување и организирање на активности од непосреден интерес на членството.

Седиштето на здружението е во село Тополчани.

Од Основниот суд во Прилеп. (666)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 27/98 од 12.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на индивидуалните тутуно-производители "Единство" од с. Долнени кое што има за задача да организира предавања, семинари, курсеви и натпревари, изградување на единствена политика на тутуно-производство и откуп, обезбедување и навремено снабдување на тутунопроизводителите со основни репроматеријали и заштитни средства, запознавање и воведување на нови сорти на тутун, унапредување на односите во примарното производство, воведување на најсовремени методи и облици на работа на членството, учествување и организирање на активности од непосреден интерес на членството.

Седиштето на здружението е во с. Долнени.

Од Основниот суд во Прилеп. (667)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 42/98 од 14.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Еколошко друштво "Дервен" Прилеп, основано заради заштита и унапредување на животната средина, обезбедување на здрава животна средина, постојана борба за почиста животна средина, рационално трошење на необновливите извори, отстранување на сите промени кои доведуваат до загрозување на животната средина и соработка со сите организации кои имаат интерес за екологијата.

Седиштето на здружението е во Прилеп на ул. "Питу Гули" бр. 2.

Од Основниот суд во Прилеп (668)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 23/98 од 11.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на инвалидски пензионери на Општина Прилеп, кое што се залага за остварување на уставните и законските права на корисниците на инвалидски пензии, ќе учествува во остварување на правата на инвалидските пензионери, ќе го следи организирањето на месните организации на инвалидските пензионери, ќе остварува соработка со Сојузот на инвалидските пензионери на Македонија, ќе ги унапредува облиците на

културно уметничко изразување и ќе им помага на социјално најзагрозените членови.

Седиштето на здружението е во Прилеп на ул. "Стеван Апостолоски" бб

Од Основниот суд во Прилеп. (669)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр 33/98 од 12 01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Еколошко друштво "Прилеп" кое што ќе се залага за следење на еколошката состојба во Општина Прилеп, унапредување и заштита на животната средина, истражување и примена на алтернативните технологии и енергија, рационално трошење на необновливи извори, отстранување на сите промени што доведуваат до уништување на животниот и растителниот свет, загадување на морињата, езерата, реките и подземните води, труење и загадување на земјата, соработува со сите организации кои имаат интерес за екологија како и со граѓаните и со организациите од локално до меѓународно ниво.

Седиштето на здружението е во Прилеп во РУ "Моша Пијаде" на ул. "Марксова" бр. 54-а

Од Основниот суд во Прилеп. (670)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег Згф. бр. 21/98 од 11 01 1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Шаховски клуб "Слух" од Прилеп кое има за задача да се залага за развивање и унапредување на шаховската игра, организација на шаховски натпревари и соработка со шаховските клубови на тероторијата на РМ.

Седиштето на клубот се наоѓа во домот на хуманитарните организации во Прилеп на ул "Стеван Апостолоски" бб.

Од Основниот суд во Прилеп. (671)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф бр 36/98 од 11 01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Центар за современа ликовна уметност - Прилеп, со цел да го стимулира, поттикнува, развива и унапредува ликовното творештво, да го збогатува ликовниот фонд, преку ликовни манифестации да го афирмира угледот на РМ, да придонесува за зближување на уметниците, да зема учество во збогатувањето на урбаните простори и да допринесува за афирмација и популаризација на ликовната уметност.

Седиштето на здружението е во домот на културата "Марко Цепенко" во Прилеп на бул "Гоце Делчев" б б.

Од Основниот суд во Прилеп. (672)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 31/98 од 12.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Друштво за одгледување, заштита и ловење дивеч "Мукос" од Прилеп кое што има за задача да се грижи за одгледување, размножување, заштита и ловење на дивеч, унапредување на ловството на своите ловишта, законско користење на дивечот, создавање на услови за спорт и рекреација на членовите на друштвото, изградување на ловечкиот морал и етика, другарството и хуманоста кај ловците, помагање на меѓусебната соработка и научно истражувачка дејност во ловството, унапредување на ловниот туризам, да води ловна статистика, да ги развива односите во ловството, земјоделството и шумарството, да организира размена и искуства и соработка со ловечки друштва во РМ, да го планира и инвестира збогатувањето на матичниот фонд на полезниот дивеч.

Седиштето на здружението е во Прилеп на ул. "Илинденска" бр. 44.

Од Основниот суд во Прилеп. (673)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 28/98 од 12.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Здружение за заштита при работа на Општините Прилеп, Крушево и Македонски Брод кое има за задача да се грижи за развојот, унапредувањето и доприносот во заштита при работа и хуманизацијата на трудот.

Седиштето на здружението е во Прилеп на ул "Рампо Лефката" бр. 18.

Од Основниот суд во Прилеп. (674)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 24/98 од 12.01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Друштво на математичари од Прилеп со седиште во Прилеп, кое ќе се залага за популаризација на математиката, ќе ги следи и проучува проблемите на наставата по математика, ќе дава придонес за усовршување на наставниците по математика, активно ќе учествува во работата на Сојузот на друштвата на математичарите на РМ и ќе извршува и други задачи според покажаната потреба.

Седиштето на здружението е во Прилеп на ул. "Цар Самоил" б.б.

Од Основниот суд во Прилеп. (675)

---

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 26/98 од 11 01.1999 година, во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Карате клуб "Прилеп" од Прилеп, кое се залага за поттикнување, омасовување, развој и унапредување на карате спортот, перманентно учество на карате манифестации, здравствена заштита на каратистите, учество и организација на државни и меѓународни натпревари и развивање на добра соработка со сите карате клубови во РМ.

Седиштето на здружението е во Прилеп на ул. "Орде Чопела" бр. 1.

Од Основниот суд во Прилеп. (676)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје, со решение I Рег. Згф. бр. 19/98 од 5.I.1999 година го запиша во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации Одбојкарскиот клуб - "МАК ПРИМАТ" - Скопје, со седиште на ул. "Сава Ковачевиќ" бб - Скопје

Целите и задачите на одбојкарскиот клуб "МАК ПРИМАТ" од Скопје е создавање на сопствен играчки кадар и основната цел на клубот се состои во организација и спроведување на тренажен процес на повеќе нивоа (во одбојкарските школи, во пионерските во

кадетската и сениорската екипа), кој ќе овозможи низ соодветно натпреварување, создавање на квалитетни одбојкарки и со основна задача обучување и усовршување на моторичката подготвеност, техниката и тактиката на играта. Дејноста на клубот се простира на територијата на градот Скопје. Одбојкарскиот клуб "МАК ПРИМАТ" ќе го претставуваат и застапуваат овластените лица Макеларски Љубомир и Маркоски Киро, и двајцата од Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (27228)

---

Основниот суд во Тетово, со решение Рег. Згф. бр. 16/98 од 4.I.1999 година го запиша во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации Друштвото на геодетските инженери и техничари - Тетово, со скратено име ДГИТ со седиште во Тетово.

Лице овластено за застапување е Сергениески Михајло од Тетово.

Работата и активноста на здружението Друштво на геодетските инженери и техничари - Тетово, ќе се однесува на стимулирање и координирање и следење на современиот развој во сите полиња и области на геодетската наука и практика, а особено на нови научни знаења, преземање активности или иницијативи за побрзо и поефикасно пренесување на новите сознанија преку погодни форми на организирано дејствување, организирање, охрабрување, поттикнување и подржување и примена и употреба на нови научни знаења кај своите членови.

Подрачје на организацијата и дејствувањето на друштвото е подрачјето на град Тетово.

Друштвото стекнува својство на правно лице и може да почне со работа од 04.01.1999 година.

Од Основниот суд во Тетово. (415)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решение С.О. бр. 7/98 во регистарот на странски организации под Рег. број 1 запиша подружница во Република Македонија на странската организација СОС Киндердорф Интернационал со седиште во Инсбург - Република Австрија.

Седиштето на подружницата на СОС Киндердорф Интернационал е во Скопје, на ул. "Даме Груев" број 14 (во просториите на Министерството за урбанизам).

Лице овластено да ја застапува подружницата на СОС Киндердорф Интернационал во Република Македонија е г-дин Жерар Купер.

Работата и активностите на подружницата на странската организација СОС Киндердорф Интернационал ќе се однесува на изградба на детско село за згрижување на деца без родители и нивно образование и воспитување како и други проекти засновани врз спогодбата склучена меѓу Владата на Република Македонија и СОС Киндердорф Интернационал.

Подружницата на странската организација стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од 06.01.1999 година.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (418)

---

Основниот суд во Тетово, со решение Рег. Згф. бр. 9/99 од 14.I.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Планинарскиот клуб "Јелак" од Тетово.

Целта, дејноста и активноста на здружението е да ги активира своите членови за престој и снаоѓање во природата како и други активности во областа на планинарењето.

Седиштето на здружението е во Тетово, а со подрачје на делување на територијата на општина Тетово.

Од Основниот суд во Тетово. (419)

---

Основниот суд во Тетово, со решение Рег. Згф. бр. 2/99 од 6.I.1999 година во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Ловечкото друштво "Горица" с. Пирок.

Целта на Ловечкото друштво "Горица" е остварување на активностите во врска со унапредување, заштита, ловење и користење на дивечот.

Седиштето на друштвото е во с. Пирок, а со подрачје на делување на територијата на општините: Боговиње, Камењане, Брвеница, и с. Шипковица.

Од Основниот суд во Тетово. (420)

---

Основниот суд во Тетово, со решение Рег. Згф. бр. 20/98 од 11.I.1999 година во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Одбојкарскиот клуб "Југохром" од Јегуновце.

Целта, дејноста и активноста на здружението е поттикнување и унапредување на одбојкарскиот спорт врз принципите на аматеризам и масовност и слично.

Седиштето на здружението е во с. Јегуновце, а со подрачје на делување на територијата на Република Македонија.

Од Основниот суд во Тетово. (421)

---

Основниот суд во Охрид, со решение Рег. Згф. бр. 28/98 од 6.I.1999 година во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Градскиот стрелачки клуб "Климент Охридски" - Охрид.

Здружението има за цел остварување поширок заеднички интерес, а особено развивање на квалитетен стрелачки спорт, развивање и унапредување на натпревари, како и соработка со други клубови.

Седиштето на здружението е на ул. "Богомилска" бр. 85, во Охрид.

Лице овластено за застапување на здружението е претседателот на извршниот одбор Ристе Трајаноски.

Од Основниот суд во Охрид. (422)

---

Основниот суд во Кичево, со решение Рег. З. бр. 35/98 од 28.XII.1998 година во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша пререгистрирањето на Сојузот на борците од Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 Општински одбор Кичево.

Здружението ќе ги негува и продолжува придобивките од НОАВМ, сувереноста и државноста на Република Македонија, ќе се залага за внатрешна стабилност и просперитет на Република Македонија, ќе се залага во остварување на човековите права, граѓански слободи и национална рамноправност, унапредување на меѓунационалните односи, ќе се залага за обезбедување на траен мир, социјална правда и напредок на личниот и заедничкиот живот, ќе иницира и ќе организира одбележување на позначајни настани и личности

од НОБ и подалечното минато, ќе учествува во манифестации, средби и настани, и друго

Здружението е со седиште во Кичево ул, "11 Октомври" број 39.

Здружението дејствува на територија на Општина Кичево, Другово, Вранештица, Зајас и Осломеј.

Здружението ќе го застапува и претставува Зарија Алексоски, Стојмир Маркоски и Мито Србиноски

Од Основниот суд во Кичево (424)

Основниот суд во Кичево, со решение З Рег бр 29/98 од 28 XII.1998 година во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации пререгистрирањето на Доброволното противпожарно друштво Мамудовци, од с Мамудовци – Кичево.

Здружението ќе ја следи и анализира положбата на доброволното противпожарникарство, анализира и следи мерките за заштита од пожари, покренува активности на своите членови за спроведување на превентивни и други мерки, организира културно, просветна спортска забава и друга активност, врши едукативна и просветна дејност во основните и средни училишта, организира советување семинари и друго

Седиштето е во село Мамудовци, Кичево

Здружението дејствува на територија на с Мамудовци

Здружението ќе го застапува и претставува Идриз Таироски

Од Основниот суд во Кичево (426)

Основниот суд во Кичево, со решение З Рег бр 34/98 од 28 XII 1998 година во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша пререгистрирањето на Здружението на граѓани за Средби Курирче – Кичево

Здружението се занимава со масовно ангажирање на најмладите со цел кај нив да се развива чувството на љубов кон татковината, почит спрема генерациите втемелувачи на државата Македонија, изградена свест за соживот меѓу сите граѓани и поттикнување на творештво од деца и за деца преку натпревари, конкурси, литературни, ликовни, музички, сценски и други приредби, трибини и советувања, и друго

Седиштето на Здружението е во Кичево на ул "Рудничка" бб.

Здружението ќе дејствува на територија на Република Македонија.

Здружението ќе го застапуваат и преставуваат Фана Кочоска Цветковиќ и Наум Бурески

Од Основниот суд во Кичево. (428)

Основниот суд во Кичево, со решение З Рег бр. 33/98 од 28 XII.1998 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите го запиша пререгистрирањето на Сојузот на борците од Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 Општинскиот одбор – Македонски Брод.

Здружението се залага за одбрана, негување, чување и развивање на придобивките од НОБ, чување суверенoста и државноста на Република Македонија, градење и развивање на меѓуетнички и меѓунационални односи, јакнење и афирмирање на меѓународната позиција на РМ, заштита на статутот на борците, негување и развивање на револуционерните традиции 1941-1945 година, преку редовно одбележување на историските настани, и друго.

Здружението е со седиште во Македонски Брод на ул "7 септември" број 4, и истото ќе делува на територија на Општините М Брод, Самоков и Пласница

Здружението ќе го застапува Живко Михајлоски

Од Основниот суд во Кичево (429)

Основниот суд во Кичево со решение Рег. Згф бр 36/98 од 28 XII 1998 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите го запиша пререгистрирањето на Еколошкото друштво "Треска" од Македонски Брод

Здружението ќе ја следи еколошката состојба на подрачјето на општината Македонски Брод, покренува иницијатива и активности за унапредување и заштита на животната средина, доставува предлози и сугестии до надлежните органи и организации за поефикасна заштита на животната и работна средина, покренува расправи, врши контрола на прехранбените производи, презема активности за спроведување на редовни мерења, ехо патроли, за загаденоста на воздухот, водата, почвата и редовно информирање на надлежните органи и институции, се залага за рационално трошење на необновливите извори, на суровини енергија и потрошни добра и друго.

Здружението има седиште во М Брод на улица "Маршал Тито" бб

Здружението ќе делува на територија на Општина Македонски Брод

Здружението ќе го застапува и преставува Раде Савев

Од Основниот суд во Кичево (431)

Основниот суд во Кичево со решение З Рег бр 37/98 од 28 XII 1998 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите го запиша пререгистрирањето на Спортското риболовно друштво "Клен" од Македонски Брод

Здружението се занимава со развивање и унапредување на спортскиот риболов, во омасовување на истиот, организационо јакнење на друштвото, соработка со спортско рекреативниот сојуз на Македонија, организирање и унапредување на спортски натпревари од областа на рибарството, заштита на водите и рибниот фонд, порибување, образовно и стручно унапредување на спортските риболовци и друго

Здружението е со седиште во М. Брод, на ул. "7 Септември" број 2

Здружението ќе делува на територија на Општина Македонски Брод, Самоков и Пласница

Здружението ќе го застапува и претставува Мирко Јакимоски

Од Основниот суд во Кичево. (432)

Основниот суд во Кичево со решение З. Рег бр. 39/98 од 28 XII 1998 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите го запиша пререгистрирањето на Одбојкарскиот клуб "Борец" – Кичево

Здружението има задача за спроведување мерки и акции за омасовување и унапредување на одбојкарскиот спорт, да организира спортски натпревари, првенства, турнири, ревии и други приредби, врши угостителска, услужна дејност и трговија, врши маркетинг, спонзорски и рекламни работи и друго.

Здружението е со седиште во Центарот за средно образование "Мирко Милески", Кичево.

Здружението дејствува на територијата на град Кичево.

Здружението го застапува и претставува Борислав Јованоски.

Од Основниот суд во Кичево. (433)

---

Основниот суд во Кичево со решение З. Рег. бр. 42/98 од 30.XII.1998 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите го запиша пререгистрирањето на Ловечкото друштво "Песјак" од М. Брод.

Здружението се занимава со одгледување, размножување и заштита и ловење на дивеч, обезбедување услови за унапредување на ловството, обезбедување на законско користење на дивечот, создавање услови за спорт и рекреација на граѓаните членови на друштвото, помага во изградување на ловечкиот морал, етика и развивање на другарството, солидарноста и хуманоста кај ловците, го унапредува ловниот туризам, развива љубов спрема дивечот и природата во целина, помага за унапредување на ловнатинологија, ловно стрелство, и друго,

Здружението е со седиште во Македонски Брод.

Здружението ќе го застапува и претставува Боро Маркоски и Тоде Миноски.

Од Основниот суд во Кичево. (434)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 11/98 од 6.I.1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите го запиша Здружението на пензионерите на Општините од Радовиш, Подареш и Конче.

Целта на здружението е заради остварување на нивните права од пензиското и инвалидското осигурување.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, Подареш и Конче, неговото седиште се наоѓа на ул. "Маршал Тито" бр. 70 – Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (436)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 8/98 од 6.I.1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите го запиша Ракометниот клуб "Римако" – Радовиш.

Целта на основањето е организирање и одржување на тренинзи и ракометни натпревари во машка конкуренција.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш неговото седиште се наоѓа на бул. "Александар Македонски" бб. СРЦ 25-ти Мај – Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (437)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 16/98 од 6.I.1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Боречкиот клуб "Бучим" – Јака Радовиш.

Целта на основањето е организирање на тренинзи и натпревари во борење.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на бул. "Александар Македонски" бб СРЦ 25-ти Мај – Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (438)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 10/98 од 6.I.1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Сојузот на инвалиди на трудот на РМ, Здружение на инвалиди на трудот.

Целта на основањето е проблематика поврзана со квалификација, доквалификација, рехабилитација, вработување и интеграција на инвалидите на трудот.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на ул. "Маршал Тито" бр. 72 – Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (439)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 2/99 од 6.I.1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Здружението за заштита на човековите права – Радовиш.

Целта на основањето е заштита на човековите права.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на ул. "Илинденска" бр. 16 – Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (440)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф бр. 15/98 од 6.I.1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондациите го запиша Општинскиот центар за помош на лица со ментален хендикеп "Порака" – Радовиш.

Целта на основањето е помош на лица со ментален хендикеп.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, Подареш и Конче, а неговото седиште се наоѓа во Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш.. (441)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф.; бр. 14/98 од 6.I.1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Ловното риболовно друштво "Гоен" – Радовиш.

Целта на основањето е унапредување, заштита, ловење и користење на дивеч.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на ул. "Маршал Тито" бб. – Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш (442)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 9/98 од 6.I.1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Велосипедскиот клуб "Бучим" – Радовиш.

Целта на основањето е развивање и унапредување на велосипедскиот спорт.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш а неговото седиште се наоѓа во Велосипедски клуб "Бучим" – Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (443)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 7/98 од 6.I.1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша Здружението на возачите – Радовиш.

Целта на основањето е заради остварување на потреби од стручна и друга помош во патниот сообраќај, техничка исправност на моторни и приклучни возила и др.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на ул. "Маршал Тито" бр. 1 – Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (444)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр 3/99 од 6.I.1999 година; во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации ја запиша Организацијата на жените на Општина Радовиш.

Целта на основањето е унапредување на севкупната положба на жената во општеството.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на бул. "Александар Македонски" бб. – Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш (446)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 1/99 од 6.I 1999 година, во регистарот на здруженијата на граѓани и фондации го запиша здружението со име Геодетски инжинери и техничари од Радовиш.

Целта на основањето е унапредување на знаењата од геодетската област.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш,а неговото седиште се наоѓа во Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (448)

---

Основниот суд во Тетово со решение Рег. Згф. бр. 18/98 од 18.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Сојузот на здруженија на инвалиди на трудот на Република Македонија – Здруженија на инвалиди на трудот Тетово.

Целта, дејноста и активноста на здружението е да ја следи и согледува целокупната проблематика поврзана со квалификација, доквалификација, рехабилитација, вработување и интеграција на инвалидите на трудот во општината, грижа и подобрување на материјалната положба на инвалидите на трудот и слично.

Седиштето на здружението е во Тетово на ул "Маршал Тито" бр. 100, а истото ќе делува на подрачјето на општините Тетово, Џепчиште, Теарце, Брвеница, Камењане, Боговиње, Шипковица, Желино, Јегуновце и Вратница.

Од Основниот суд во Тетово. (1224)

---

Основниот суд во Тетово со решение Рег. Згф. бр. 5/98 од 18.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на воените инвалиди на општина Тетово.

Целта, дејноста и активноста на здружението е остварување на материјална и социјална сигурност на воени инвалиди од војната и заштита на статутарните права на истите.

Седиштето на здружението е во Тетово и истото ќе делува на подрачјето на општина Тетово

Од Основниот суд во Тетово. (1225)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф бр. 16/99 од 18 01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани со име Клуб за атлетска гимнастика (боди билдинг) – "Бучим" – Радовиш, кое е основано заради развивање на атлетска гимнастика (боди билдинг).

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на Бул. "Александар Македонски" б.б., СРЦ "25-ти Мај", Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (1226)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 11/99 од 18.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани со име Еколошко друштво Биос – Радовиш кое е основано заради заштита на животната средина.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на ул. "Илинденска" б.б., Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (1227)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 8/99 од 18.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани со име Општински фудбалски сојуз на Радовиш кое е основано заради унапредување на развојот на фудбалскиот спорт.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на ул. "Илинденска" б.б., Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (1228)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф. бр. 13/99 од 18.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани за развивање на слободни активности за зачувување Добротвор – Радовиш, кое е основано заради зачувување на споменот на родниот крај.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа на ул. "Бел Камен" бр. 1, Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (1229)

---

Основниот суд во Радовиш со решение Згф.бр. 7/99 од 18.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани со име Фудбалски клуб Јака – Радовиш, кое е основано заради развивање, негување и унапредување на фудбалската игра и фудбалскиот спорт.

Здружението ќе дејствува на територијата на Радовиш, а неговото седиште се наоѓа во Радовиш.

Од Основниот суд во Радовиш. (1230)

---

Основниот суд во Тетово со решение Рег. Згф. бр. 27/99 од 19.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението за грижи и воспитување на децата на Општина Тетово.

Работата и активностите на здружението се развивање на хуманизмот и чувството на граѓанинот , како слободен творец, остварување на правата на децата, воспитание, образование и здрав живот за секое дете, социјална сигурност, заштита од сите видови злоупотреби, насилства и искористување на сите деца, унапредување на детското здружување, одмор и рекреација на децата, културни, уметнички, рекреативни и разновидни слободни активности на децата од предучилишна и основно училишна возраст, меѓународна соработка на децата, соработка со родителите и слично.

Седиштето на здружението е во Тетово на ул. "Иво Лола Рибар" б.б., а истото ќе делува на подрачјето на Општина Тетово.

Од Основниот суд во Тетово. (1231)

Основниот суд во Тетово со решение Рег. Згф. бр. 111/99 од 19 01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Авто Мото Друштво "Тетово" од Тетово.

Работата и активностите на здружението се да ги застапува интересите на членовите и корисници на услуги во автомобилизмот, осигурувањето и туризмот, да ги собира автомобилистите, моторциклите и другите граѓани во во членството на Авто Мото Друштво, да развива и негува меѓусебна солидарност помеѓу членовите и другите учесници на сообраќајот, да организира сообраќајно, воспитно образование на деца и младина и да се грижи за ширење на техничка култура на сите учесници на сообраќајот, да развива активностите за унапредување на обука на сите категории возачи на моторни возила и слично

Седиштето на здружението е во Тетово на ул. "Видое Смилески Бато" б.б, а истото ќе делува на подрачјето на град Тетово.

Од Основниот суд во Тетово. (1233)

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 35/99 од 20.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани со име Фудбалски клуб "Славеј 93" од с. Славеј кој се залага за давање на конкретен придонес во развојот на спортот и физичката култура, придонес во развојот на фудбалот, учество на фудбалското првенство, доследна примена на правилата на правилата и прописите на фудбалската игра, остварување на аматерскиот статус на клубот, фудбалерската игра, остварување на аматерскиот статус на клубот, фудбалерите и тренерите и соработка со органите и телата на ОФС и ФМС.

Седиштето на ФК "Славеј 93" е во с. Славеј.

Од Основниот суд во Прилеп. (1234)

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр 61/99 од 20 01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани со име Фудбалски клуб "Победа" - Прилеп, со цели и задачи да зема учество во организираниот систем на натпревари и првенства од страна на ФСМ, поттикнување, омасовување и унапредување на фудбалскиот спорт, натпреварување во сите степени на натпревари, унапредување во стручната работа, соработка со другите фудбалски клубови, организирање и учество на фудбалски турнири и слично.

Седиштето на ФК "Победа" е во Прилеп на ул. "Александар Македонски" б.б.

Од Основниот суд во Прилеп. (1235)

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 29/99 од 20.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани со име Фудбалски клуб "Варош" од Прилеп, кој што ќе се залага за развој на спортот и физичката култура, развој и унапредување на фудбалот, обезбедување на доследна примена на правилата на фудбалската игра, придонес во остварување на статусот и фудбалерите како и следење на развојните концепти на фудбалскиот спорт.

Седиштето на ФК "Варош е во Варош на игралиштето Институт за тутун Прилеп.

Од Основниот суд во Прилеп. (1236)

Основниот суд во Прилеп со решение Рег. Згф. бр. 67/99 од 20.01.1999 година во регистарот на здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани со име Пчеларско Здружение "Братство" - Прилеп, кое ќе се залага за поттикнување и развој на пчеларството, стручно оспособување на пчеларите, популаризирање на пчелните производи и нивна примена во исхраната, снабдување на пчеларите со пчеларски прибор, репроматеријали, пчелни семејства и матици, продажба на пчелни производи, развивање, развивање на пчеларската етика, соработување со научни институции и стручни служби и други задачи за развој на пчеларството.

Седиштето на Здружението е во Прилеп во просториите на Друштвото за наука и култура - Прилеп.

Од Основниот суд во Прилеп. (1237)

